Approximately half of the patients taking NSAIDs report dyspepsia and gastric ulcers, with three to four times increased risk for upper GI bleeding, perforation, or both. Increased risk of a serious adverse reaction has been associated with rheumatoid arthritis, while independent risk factors associated with upper GI bleeding include history of peptic ulcer (with or without complications). It has been also reported that *H pylori* infection could increase the risk for developing NSAID-related ulcers. Traditional therapies in this case include proton pump inhibitor class of medications and H2 antagonists, which can be also used as prophylactic treatment.

In this study the protective effects of Ranitidine, a H2 antagonist, and Omeprazole, a proton pump inhibitor, in NSAID-induced dyspepsia after 6 months treatment were compared in patients with rheumatoid diseases treated at the Clinic of Gastroenterohepatology (Medical Centre, Skopje, Macedonia). For this requirement, all the patients were previously submitted to *H. pylori* eradication using a standard triple treatment consisted of Clarithromycin tbl. 500 mg bid, Amoxicillin caps. 500 tid and Omeprazole caps. 20 mg bid. Eradication and absence of erosions, gastric and duodenal ulcers were endoscopically confirmed. Adult patients of both sexes, age between 35-65 yrs. receiving Diclofenac sodium tbl. 50 mg tid were divided in three groups: a group I receiving no protection (n=10), group II receiving Ranitidine tbl. 150 mg bid (n=13) and the third group of patients (III) receiving Omeprazole caps. 20 mg od (n=10). Homogeneous groups of patients were studied in respect to previous GI diseases including erosions, gastric and duodenal ulcers. One-blind control clinical study was applied in which patients were informed for the drug used. The status of the GIT was endoscopically determined and the success/failure of the therapy was evaluated in respect to occurrence of gastric and/or duodenal ulcers or more than 10 gastric or duodenal erosions. Twelve months after, serologic test for detection of *H. pylori* was performed in order to determine the re-infection rate. The data obtained were statistically evaluated using analysis of variance with 95% of confidence interval.

Considering the data analysis, in the Ist group of patients, erosions, gastric and duodenal ulcers in 60% of the patients were observed, while in the IInd group treated with Ranitidine and in the IIIrd group treated with Omeprazole, failure in the therapeutic effect in 38.5% and 30% of the patients, respectively was observed. Percent of erosions was the lowest in the IInd group (7.7%) and they were equally present in the Ist and the IIIrd group of patients (10%). Recurrence of gastric ulcers was the lowest in the IIIrd group of patients (20%), then in the IInd group (23.1%) and the highest in the Ist group of patients (30%). The same was observed considering the duodenal ulcers (7.7% in the IInd group, 20% in the Ist group and no lesions at all in the IIIrd group). Recurrence of GI lesions differed depending on the type of lesions before eradication of *H. pylori*. The treatment failure was higher in patients with serious lesions in respect to those with mild to moderate lesions. Thus, re-ulceration occurred in 45.8% of the patients with initial ulcers from all three groups, while reoccurrence of erosions was confirmed in 37.5% of the patients with initial erosions. The number of recurrent duodenal ulcers was significantly lowered (12.5% *vs.* 37.5% before eradication of *H. pylori*), while the number of gastric ulcers decreased insignificantly (33.3% *vs.* 37.5%) confirming the unequal influence of *H. pylori* on gastric and duodenal mucous. Statistical analysis showed significant difference between the groups of patients protected from NSAID-induced dyspepsia and the group of patients receiving no prophylactic drug indicating higher probability for remission to be maintained when H2 blocker or proton pump inhibitor is used. Considering the difference in the prophylactic effect between both the treatments, the rate of recurrent GI lesions was lower in the patients treated with Omeprazole in respect to the patients treated with Ranitidine, but without statistical difference.

In conclusion, both Omeprazole and Ranitidine may protect the GI mucosa from NSAID-induced dyspepsia in patients with rheumatoid diseases.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 118-119 (2007)
PP - 48

Ранитидин наспроти Омепразол во третман на диспепсија индуцирана со НСАИЛ кај пациенти со ревматски болести

С. Филкова[1], К. Младеновска[2], Д. Антова[3], К. Горачинова[2]

[1]Клиничка аптека, Клинички Центар; [2]Фармацевтски факултет и
[3]Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија

Кај најмалку половина од пациентите кои примаат НСАИЛ се јавува диспепсија и желудочни улцери, со три до четири пати зголемен ризик од крвавења на горниот сегмент од ГИТ и перфорации. Зголемениот ризик се поврзува со ревматоиден артритис, додека за независен ризик фактор се смета историја на пептичен улцер (со и без компликации). Познато е дека и инфекција со *H. pylori* може да го зголеми ризикот за развој на улцер предизвикан со НСАИЛ. Традиционалната терапија во овој случај вклучува лекови од класата инхибитори на протонска пумпа и H_2 антагонисти, кои истовремено се користат и како профилактичен третман. Во испитувањето е споредуван протективниот ефект на Ранитидин, H_2 антагонист, и Omeprazol, инхибитор на протонската пумпа, кај диспепсија предизвикана со НСАИЛ после третман од 6 месеци кај пациенти со ревматоиден артритис третирани на Клиниката за гастроентерохепатологија (Клинички центар, Скопје, Македонија). За таа цел, сите пациенти претходно беа подложени на ерадикација на H. pylori со примена на стандардна тројна терапија составена од: Claritromycin tbl. 500mg 2x1, Amoxicillin cap. 500mg 3x1 и Omeprazol cap. 20mg 2x1. Ерадикацијата и отсуство на ерозии, гастрични и дуоденални улкуси беше потврдена ендоскопски. Возрасни пациенти од двата пола, на возраст помеѓу 35-65 год. на терапија со Diclofenac natrium tbl. 50mg беа поделени во три групи: група I без заштита (n=10), група II третирани со Ranitidin tbl. 150mg 2x1 (n=13) и група III третирани со Omeprazol cap. 20mg 1x1 (n=10). Беше применета едноструко слепа контролирана метода во која пациентите беа информирани за употребениот лек. Статусот на ГИТ беше ендоскопски детерминиран и (не)успехот од терапијата беше евалуиран во поглед на појава на желудочен и/или дуоденален улцер или повеќе од 10 гастрични или дуоденални ерозии. Дванаесет месеци подоцна, беа спроведени серолошки тестови со цел да се одреди стапката на реинфекција. Добиените податоци беа статистички евалуирани со користење на анализа на варијанса со 95% интервал на доверба.

Кај I-та група, кај 60% од пациентите беа забележани ерозии, желудочни и дуоденални улцери, додека во II-та група третирана со Ranitidin и во третата група третирана со Omeprazol беше забележан тераписки неуспех кај 38.5% и 30% пациенти, соодветно. Процентот на ерозии беше најнизок во II-та група (7.7%) и подеднакво присутен во I-та и III-та група пациенти (10%). Повторната појава на желудочни улцери беше најниска во III-та група пациенти (20%), потоа во II-та група (23,1%) а највисока во I-та група пациенти (30%). Истото беше забележано и во однос на дуоденалните улцери (7.7% во II-та група, 20% во I-та група и без лезии во III-та група). Неуспех на третманот беше повисок кај пациенти со сериозни лезии во однос на оние со умерени лезии. Така, ре-улцерации се јавија кај 45.8% од пациентите со иницијални улцери во сите три групи, додека повторно јавување на ерозии беше потврдено кај 37.5% од пациентите со иницијални ерозии. Бројот на рекурентни дуоденални улкуси беше значително намален (12.5% *вс.* 37.5% пред ерадикацијата на *H. pylori*), додека бројот на желудочни улцери беше незначително намален (33.3% *вс.* 37.5%) што го потврдува различното влијание на *H. pylori* на ГИ мукоза. Статистичката анализа покажа значителна разлика помеѓу групите на пациенти заштитени од диспепсија предизвикана со НСАИЛ и групата на пациенти кои не примале лек за профилакса, како и поголема веројатност за одржување на ремисија кога се користат H_2 блокатори или инхибитори на протонска пумпа. Што се однесува до разликата во профилактичното дејство помеѓу двата третмани, стапката на рекурентни ГИТ лезии беше пониска кај пациентите третирани со Omeprazol во однос на пациентите третирани со Ranitidin, но без статистичко значење.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 120-121 (2007)
PP - 49

Antibiotics consumption analysis in Clinical Hospital in Bitola - department of Surgery and Anesthesia and intensive care

Slavica Jurukovska, Ljubica Suturkova, Zoran Sterjev

Public health institution –Bitola, Republic of Macedonia
Institute of Chemistry, Faculty of Pharmacy, University , „St. Cyril and Methodiys" Skopje, Republic of Macedonia

---

Introduction

Antibiotics consumption analysis is an important indicator of perceiving of health condition and health care. The estimation of quality in pharmacotherapy with antibiotics became important in every country.

Object:

Monitoring of consumption, rational usage and quality of pharmacotherapy with antibiotics in Clinical Hospital in Bitola.

Method:

Review of consumption of antibiotics through ATC classification and DDD/100 on hospitals days, because DDD is a statistical unit and it represents average dose per day of a drug used for its main indication.

Results:

Processing the data by using DDD methodology, betalactams antibiotics had the highest involvement in consumption.

Conclusion:

By monitoring the consumption of antibiotics, it is possible to acquire important data for perceiving current pharmacotherapy.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 120-121 (2007)
PP - 49

Анализа на потрошувачката на антибиотици во одделите Хирургија и Анестезија со интензивно лекување во Клиничка болница во Битола во текот на 2005 година

Славица Јуруковска, Љубица Шутуркова, Зоран Стерјев

Јавна Здравствена Организација, Здравствен Дом, Битола, Република Македонија
Институт за Хемија, Фармацевтски Факултет,
Универзитет „ Св. Кирил и Методиј„ Скопје, Република Македонија

Антибиотиците се едни од најважната група лекови кои го обележаа 20. век. Употребата на антибиотиците во секоја област од медицината обезбедува брзо и ефикасно лечење на сите бактериски инфекции, или ја спречува појавата на инфекции после комплицирани хируршки интервенции. Ако се земе во предвид зачестеноста на инфекциите, која доведува до се поголема употреба на антибиотиците, тогаш со право може да се каже дека следењето на нивната потрошувачка е битен фактор кон создавање на основните принципи на нивната рационална употреба.

Цел на трудот:

Следење на потрошувачката и рационална примена на антибиотиците во одделите Хирургија и Анестезија со интензивно лекување во Клиничката болница во Битола во периодот на 2005. година.

Материјал и методи:

СЗО (Светска Здравствена Организација) 1991 година ја препорача ATC/DDD методологијата за изготвување студии за следење на потрошувачката на лекови, преку меѓународно прифатена класификација и утврдена употреблива единица за следење на обемот на употребата на лековите. Како статистичка единица за употреба на лековите по ATC класификација е користена DDD/100 болнички денови , која претставува договорно утврдена дневна количина на еден лек која се употребува за најчеста индикација.

Резултати:

После статистичка обработка на податоците за потрошени антибиотици во одделите Хирургија и Анестезија со интензивно лекување, во Клиничка болница-Битола, добивме увид за квалитетот на здравствената услуга од аспект на почитување на начелата за рационална потрошувачка на антибиотици, како и начелата на Медицина и Фармација базирана на докази.

Заклучок:

Во одделот Хирургија и Анестезија со интензивно лекување најголема била потрошувачката на бета лактамските антибиотици. Антимикробната терапија се спроведувала (според терапевтските листи) и како профилакса и како терапија во согласност со Медицина и Фармација Базирана на Докази.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 122-123 (2007)
PP - 50

Evidence based Pharmacy

Tatjana Dimitrovska Manojlovic

Hospital Pharmacy, Clinical hospital "d-r. T.Panovski, Bitola, R. Macedonia

---

Oblectives: To determine what in fact is Evidence Based Pharmacy. To define the processes and methodologies comprised in getting the evidence in the pharmacy. To evaluate and implement the obtained evidence in every segment of the Good Pharmacy Practice. To point at the benefits of the implementation of the Evidence Based Pharmacy for improving of the pharmacy practice, as an imperative for every pharmacy practicioner.

Methods: Exploring of the primary, secondary and tertiary literature available at the National Pharmacoinformative Centre of the Faculty of Pharmacy, University "Cyrilus and Methodius, Skopje, R.Macedonia, and on internet.

Discussion and conclusions: Evidence Based Pharmacy Practice is generally defined as a process of conscientious, explicit and judicious use of the current best evidence to make a decision in the pharmaceutical care for every individual patient. Evidence Based Pharmacy is an integral part of the whole Evidence Based Health Care, and should be the only choice of every practising pharmacist. Generating of the evidence is a process of systematic research and critical assessment of the literature, translating of the results of that research into practical outcomes, and implementing of that outcomes into pharmacy practice. It is a complex and longlasting process, comprising rigorous, unbiased, transparent and reliable qualitative and quantitative methods and requires particular knowledge, skills and expertness of the professionals performing that research. It varies depending on the issues that are treated and on the researching team. Generally it comprises the following eight steps: topic selection; formulating key questions; literature searching; article selection; quality assessment; data abstraction, data synthesis and reporting; peer review and updating of the process. Implementation of the evidences into pharmacy practice, obtained from the pharmacy practice research, is an adoption of of the concept of the Evidence Based Pharmacy, that enables the pharmacists to occupy their real position in the whole health system and society. Pharmacinformative centres represent the key institutions in promoting of the Evidence Based Pharmacy.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 122-123 (2007)
PP - 50

Фармација базирана врз доказ

Татјана Димитровска Манојловиќ

Болничка Аптека, Клиничка болница „9-р. Т. Пановски„- Битола, Р. Македонија

Цели на трудот: Да се одреди што претставува Фармацевтска пракса Базирана врз Доказ. Да се дефинираат процесите и методологиите за доаѓање до доказ во фармацијата. Евалуација и имплементација на добиениот доказ во секој сегмент на добрата фармацевтската пракса. Да се укаже на придобивките од имплементацијата на Фармацијата Базирана врз Доказ во подобрувањето на фармацевтската пракса.

Материјали и методи: Претрага на примарна, секундарна и терциерна литература достапна во Националниот Фармакоинформативен Центар на Фармацевтскиот Факултет при Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија како и низ интернет.

Дискусија и заклучоци: Фармацевтска пракса Базирана врз Доказ општо се дефинира како процес на совесна, разумна и јасна примена на тековно најдобриот доказ во донесувањето на одлука во фармацевтската грижа за секој индивидуален пациент. Фармацијата Базирана врз Доказ е интегрален дел од целосната здравствена грижа базирана врз доказ, а треба да биде единствен избор во практицирањето на секој фармацевт. Генерирањето на доказ е процес на систематско истражување и критичко проценување на литература, трансформирање на резултатите од тоа истражување во практични исходи и имплементација на тие исходи во фармацевтската пракса. Тоа е комплицициран и долготраен процес кој вклучува ригорозни, непристрасни, транспарентни и сигурни квалитативни и квантитативни методи и бара особено знаење, вештини и стручност на професионалците кои го изведуваат. Варира во зависност од проблематиката која ја обработува и од тимот кој го изведува и во главно ги содржи следниве осум чекори: избор на тема; формулирање на клучни прашања; пребарување по литература; избор на статии; проценување на квалитетот; издвојување, синтеза и известување на податоците; експертски-стручен осврт и ажурирање. Имплементацијата на доказите во фармацевтската пракса добиени преку истражувањето на истата претставуваат усвојување на концептот на Фармацијата Базирана врз Доказ, кој на фармацевтите им овозможува да си го завземат вистинското место во целосниот здравствен систем т.е. пошироко во општеството. Фармакоинформативните центри претставуваат клучни институции во промовирањето на Фармацијата Базирана врз Доказ.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 124 (2007)
PP - 51

The possibility of measurement droplet size of parenteral emulsion

Mirkovic D., Antunovic M., Putic V., Aleksic D

Institute of Pharmacy, Military Medical Academy, Belgrade, Serbia

Parenteral nutrition is a life-saving treatment for many patients who can not be nourished adequately by other feeding routes. This is particularly so if it is presented as a safe and convenient "All in One" integral total parenteral nutrition (TPN) admixture. TPN admixture is a complex emulsion sistem that consists of all necessary nutrients (amino acids, dextrose, lipids, electrolytes and vitamines). The physical stability and also the quality of a fat emulsion is essentionally determined by lipid droplet size and distribution.

The purpose of this investigation is to choose the method for measurement lipid droplet size of parenteral emulsion. TPN admixture was prepared aseptically under a laminar-air flow environment and stored in ethylene vinyl acetate (EVA) bags. Admixture which stability we have tested is stored in refrigerator at 2-8^{0}C for three days and the forth day at room temperature to simulate the infusion period. After preparation the admixture for TPN and homogenisation, the sample was diluted with water for injection in the ratio 1:3. The particle size was determined using the method of laser difraction (Microtrac, Leeds & Northrup aparatus), as well as by light microscopy (Zeiss, 400x). Data were presented using Image Analise method. For qualitative assessment, these technics were used at time 0h (immediately after preparation), thenafter 12^h at room temperature, after 24 and 72^h of storage at 2-8^{0}C.

Results were calculated by the interfaced computer and presented both numerically and graphically. The measurement were shown that the average lipid droplet size did not exceed 1μm. The mean surface diameter remained almost constant during the whole storage period. This satisfy the rule that particle size of parenteral emulsion must be smaller than 6μm (diameter of pulmonary cappillary vessels), which is request of most common pharmacopeies. Our results show that TPN admixture prepared in EVA bags stays stable for four days. The bags should be stored in refrigerator up to use.

This study confirmes that both methods are applicable and that is posible to use them in the practice.

Our knowledge of what contributes to poor stability remains patchy; we still have much to learn.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 125 (2007)
PP - 52

Stable solution for organ preservation guarantees successful transplantation

Mirkovic D., Antunovic M., Putic V., Aleksic D.

Institute of Pharmacy, Military Medical Academy, Belgrade, Serbia

Organ transplantation is the standard best treatment for patients with end-stage disease. In that sense, organ preservation, among many other factors, has a significant influence on ischemia-reperfusion injury, and primary graft function, which is an essential prerequisite for long - term patient survival after transplatation. Over the past several years, the renewed interest in organ preservation has led to better insights in this technique and also the formulation of a new preservation solutions. A number of solutions were developed to preserve the viability of donor organs before, during and after transplantation.

Histidin-Triptophan-Ketoglutarat (HTK) solution is widely accepted as the gold standard for multiorganic transplantation. Due to the fact that such original solution is not registered in Serbia, it is clear that there is need for "ex tempore" production of this preparation in the Institute for Pharmacy of Military Medical Academy (MMA).

The aim of this paper is investigation of the possibility of production HTK solution. It was prepared in a laminar air flow environment by dissolution of sodium chlorid, potassium chlorid, magnesium chlorid and calcium chlorid in water for injection. Amino acids - histidin, histidin chlorid and triptophan, as well as potassium hidrogen-2-ketoglutarat and manitol were dissolved separately in hot water for injection. The obtained solutions were integrated, supplemented by water for injections to defined volume, and all well homogenized. The prepared solution was filtrated through 0,22μm bacterial filter and placed into sterile PVC bags. After labelling bags were stored at 0-4^{0}C until the application.

Quality testing were enclosed identification and determination of all components and pH - values prepared HTK solution. Sterility control and testing of pirogens were made according to the Ph.Eur.V request.

The widespread use of organs from brain-dead cadavers, improved clinical management of cadaver donors before and during organ removal, optimum conditions of preservation and storage and more effective immunosuppression therapy have all contributed to the efficacy of organ transplantation as the best treatment for patient with end-stage diseases.

Improvement in characteristics of organ preservation solutions has contributed to better survival rates in organ transplantation in recent years.

However, difficulty for success of most transplantation is the immune answer directed to transplanted tissue. Effective therapy after transplantation is integral to all organ transplantation programs. Additionally, pharmacist has to be involved together with doctors in preparation of immunosupresive therapy protocol.

Instead of conclusion, according to obtained results of physico-chemical and biological testing, we conclude that the applied technological procedure can produce solution for organic preservation and perfusion of requred quality.

It is also important to point out that this year MMA has become National centre for liver transplantation.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 126-127 (2007)
PP - 53

Reference prices

Maja Cemerikic[1], Zoran Sterjev[2], Ljubica Shuturkova[2]

2Pharmaceutical Faculty, Department of Pharmaceutical Informatics; Pharmaceutical Faculty, Department of Pharmaceutical Informatics; 1Health Insurance Fund

---

Main reasons for the continuing rise in the prices in the pharmaceutical sector are the substitution of the old with new, higher-priced drugs, increased drug consumption, introduction of new drugs for therapeutic application in deceases for which no medicament treatment existed before and price rise of the existing drugs.

Measures for direct drug prices control include agreed prices, maximum established price, international prices comparison and prize lowering or freezing. These direct methods of drug prices control have been known by the term "direct price controls". Alternative approaches include control of the levels of reimbursements by substituting the price lowering with quantity increase. Indirect approaches include regulation of profits or establishment of reference prices (limitation of reimbursement)

The reference pricing system does not represent a form of regulating the drug price, but rather a mechanism of determining funds that contribute in the reimbursement of the drug price, thus enabling presence and use of equivalent drugs in the market and groups of drugs which have been found to have equal therapeutic response. The referencee price represents an optimal amount which allows a wide possibility of choice for the physician when giving a prescription and is not necessarily the lowest price in the relevant pharmacological group.

The objective of the introduction of reference price system is to optimize the available financial resources in line with the real requirements. Necessary sources for data on reference prices are drug consumption data, data on the distribution chain prices, comparison of prices at the national and/or international level, positive drug list creation, defining drug groups present in the market. Among possible options when choosing the method for establishing reference prices, the most frequently used are the average price in each class of drugs and the lowest price in each of the classes. Methods used to control reference prices are expenditures plus calculations, definition of the pharmaceutical companies' profit level, comparable prices, prices negotiations, pharmaco-economic evaluations.

By way of studies and analyses of the situation and level of implementation of the reference price system in various European countries, an attempt has been made to promote a specific system of reference prices that would be adequate for the Republic of Macedonia and on the basis of which a software application has been designed that allows for implementation of the above-mentioned system.

The proposed model and software application will be presented in detail during the Congress.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 126-127 (2007)
PP - 53

Референтни цени

Маја Чемерикиќ[1]; Зоран Стерјев[2]; Љубица Шутуркова[2];

[1]Фонд за Здравствено Осигурување, Македонија бб, 1000 Скопје, Р. Македонија1
[2]Институт за Фармацевтска хемија, Фармацевтски факултет,
Универзитет Св.Кирил и Методиј, Водњанска17, 1000 Скопје, Р. Македонија;

Како главни причини за континуираниот раст на трошоците во фармацевтскиот сектор се промената на старите лекови со нови со повисоки цени, зголемената потрошувачка на лекови, воведувањето на нови лекови за терапевтска примена на болести за кои не постоел медикаментозен третман и зголемување на цените на постоечките лекови.

Мерките за директна контрола на цените на лековите често вклучуваат договорни цени, максимална утврдена цена, меѓународно споредување на цени и намалување или замрзнување на цени. Овие директни методи за контрола на цените на лековите се познати под терминот „директни ценовни контроли„. Алтернативните пристапи вклучуваат контро-ла на нивоата на надоместоци преку замена на падот на цените со порастот на количините. Индиректните пристапи вклучуваат регулирање на профитите или утврдување на референтни цени (ограничување на надоместоците).

Системот на референтите цени не претставува форма на регулирање на цената на лекот, туку механизам со кој се одредуваат средствата со кои се партиципира во надоместокот на цената на лекот, со што се овозможува присуство и употреба на еквивалентни лекови на пазарот и групи на лекови за кои е утврдено дека имаат ист терапевтски одговор. Референтната цена претставува оптимален износ која овозможува ширина во одлучувањето на докторот при препишувањето и не секогаш е најниската цена во соодветна фармаколошка група.

Целта на воведувањето на системот на референтни цени е да се оптимизираат расположливите материјални ресурси во согласност со реалните потреби. Како извори на податоци за референтните цени неопходни се податоците за потрошувачка на лековите, податоци за цените во дистрибутивниот ланец, компарација на цените на национално и/или на интернационално ниво, креирање на Позитивната листа на лекови, дефинирање на групи на лекови присутни на пазарот. Како можни опции при изборот на методата за одредување на референтни цени најчесто применувани се просечна цена во секоја класа на лекови и најниска цена во секоја класа. Методи со кои се контролира референтната цена се трошоци плус калкулации, дефинирање на нивото на заработувачка на фармацевтските компании, споредбени цени, преговори за цени, фармакоекономски евалуации.

Преку проучување и анализирање на состојбата и нивото на имплементација на системот на референтни цени во различни Европски земји, направен е обид за промовирање на соодветен систем на референтни цени кој што би бил адекватен за Р.Македонија и врз основа на тој модел изработена е софтверска апликација која овозможува имплементација на гореспоментатиот систем.

Предложениот модел и софтверската апликација подетално ќе бидат презентирани за време на Конгресот.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 128 (2007)
PP - 54

Possibilities for the generic production of ACE inhibitors – market analysis

M. M. Manova, P. Peikov, G .I. Petrova

Faculty of Pharmacy, Medical University Sofia, Bulgaria, 2 Dunav Str.

The ACE inhibitors are accepted as a first line therapy for arterial hypertension, as well as are included in lots of combinations when a complex therapy is necessary. This creates stable and permanently expanding market share that is from the interest for generic manufacturers. Preliminary researches show that there are many new molecules of ACE inhibitors which patent will expiry within a two years time but for starting generic dossier preparation manufacturers need to know the possible market share.

The aim of this study is to analyse the regulatory status and usage of the ACE inhibitors on the Bulgarian drug market.

The authorised for sale ACE inhibitors was analysed on the basis of the information from the Bulgarian Drug Agency and from the National Health Insurance Fund were clarified their reimbursement status. It was collected information for the prescription of ACE inhibitors during 2002 – 2007 and consumption was analysed by calculating DDD/1000inh/day from the reimbursable system point of view.

Preliminary results show that in 2005 the ACE inhibitors are among the first three prescribed therapeutic classes with steady growth of their sales values and quantities. The reimbursement policy is oriented towards the generic products mainly due to the lower prices. The Bulgarian manufacturers decrease their market share almost half in comparison with 2002 mainly due to the introduction of highly potent new molecules within the therapeutic class. There is an increasing usage in DDD/1000inh/day for perindopril, quinapril, spirapril, moexipril, benazepril and fosinopril.

The increasing consumption allows returning the investments for the development of manufacturing capabilities and dossier.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 129 (2007)
PP - 55

Pharmacoeconomics & Outcomes Research Perspectives in Health Care Sector

Aleksandar Cvetkovski, Vladimir Zah,

ZRx Outcomes Research Inc, Unit 402, 48 Galaxy Blvd. Toronto, ON M9W 6C8, Canada

---

The objective of this presentation is to introduce pharmacoeconomics and outcomes research as established and accepted applied scientific skills for leverage and evaluation of pharma market and therapy regimens. The role of ISPOR (International Society for Pharmacoeconomics and Outcomes Research) as leading international community, its direction and ISPOR local chapters will be introduced.

Outcomes Research (OR) is scientific discipline that evaluates the effect of healthcare interventions on patient well-being through clinical, humanistic and economic outcomes. Pharmacoeconomics (PE) is a type of economic outcomes that evaluates the effect (clinical, humanistic, and economic) of drug interventions on patients, health systems, or society. PE and OR have become increasingly important to a range of stakeholders in the healthcare market. Key driver for this is the expanding demand for healthcare products and services, including incremental increases in the number and complexity of healthcare treatments during the last 15 years. Many Developed countries have developed some form of PE and OR requirements that either represent "fourth hurdle" to the launch of new products, or post-launch guidance on clinical use and reimbursement.

This presentation will provide audience with introduction to PE and OR, background and development of this science, executive brief on different approaches to PE and OR studies and future developments. It will also provide executive brief to ISPOR society.

ISPOR society mission is to translate PE & OR into practice; ensure that society allocates scarce healthcare resources wisely, fairly and efficiently.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 130-131 (2007)
PP - 56

Studying of the influence of National Drug Strategy document in Republic of Macedonia on the prescribing practice and rational use of medicines

Bistra Angelovska[1], Guenka I. Petrova[2]

[1]National health insurance fund, Skopie, RM, [2]Faculty of Pharmacy, Sofia, 2 Dunav Str., Bulgaria,

---

The National Drug Policy as a written professional and political statement is a guide for action for professionals and regulators for better supply and improving peoples' access and affordability of medicines. The main goals of such a document are ensuring the quality, safety, efficacy and rational use of medicines at national level but these goals have different prioritization on country level.

In 2001 the Government of Republic of Macedonia accepts the National Drug Strategy (NDS) aiming to define the mechanisms for supporting affordability, quality and efficacy of medicines and their rational use in the country but the changes on country level have not been analyzed at the moment.

The goal of this study is to analyze the changes in the drug usage, prescribing practice and rational use of medicines in RM after the creation of the NDS and to compare with the previous situation. The main study question is: "Did the endorsement of NMS document Republic of Macedonia improves affordability and rational use of medicines?"

The methods used of this study is analysis of sample prescriptions before and after adoption of NMS document, systematized according to ATC group of medicines and analyzed for correspondence with the morbidity, share of prescribed essential medicines, injections, and combinations.

The results show that the prescribing practice corresponds with the leading diagnoses but it is focused on a limited number of medicines and this is questioning the physicians' free choice of contemporary therapy.

The comparison with the previous situation revealed that there is improvement in prescribing practice.

As future priorities on national level we can recommend the introduction of the generic drug policy, prйcising the drug selection criteria, rationalizing the antibiotic therapy and connecting the reimbursement policy with the generic ones.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 130-131 (2007)
PP - 56

Иследување на влијанието на документот за Стратегијата за лекови на РМ врз пропишувањето и рационалната употреба на лековите

Ангеловска Бистра[1], Генка И. Петрова[2]

[1]Фонд за здравствено осигурување на Македонија, Скопје, bistra_angelovska@yahoo.com
[2]Фармацевтски факултет, Софија, Дунав 2, Бугарија gperova@pharmfac.net

---

Националната стратегија за лекови е писмен политички и професионален документ кој претставува водич за делување на професионалците и политичарите за подобро снабдување и подобрување на физичката и финансиска достапност на лековите до населението. Главната цел на таквиот документ е да обезбеди квалитет, безбедност, ефикасност и рационална уптреба на лековите на национално ниво, но тие цели имаат различен птиоритет на ниво на земјата.

Во октомври 2001 година Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за лекови на Република Македонија со цел да ги дефинира механизмите за подршка на достапноста, квалитетот и ефикасноста на лековите и нивната рационална употреба во земјата, но промените на ниво на земјата не беа анализирани до овој момент.

Цел на оваа студија е да ги анализираме промените во употребата на лековите, праксата за пропишување и рационалната употреба на лековите во Република Македонија пред и по изготвувањето на документот Стратегијата за лекови на Република Македонија. Главното прашање на оваа студија е: "Дали усвојувањето на документот Стратегијата за лекови на Република Македонија придонесе за подобрување на достапноста и рационалната употреба на лековите?"

Методи користени во оваа студија се: анализа на примероци на пропишни лекови пред и после донесувањето на Стратегијата за лекови на Република Македонија, систематизирање по АТЦ код и анализа во однос на морбидитетот, учество на пропишани есенцијални лекови, инјекции и комбинации.

Резултатите покажаа дека праксата на пропишување одговара со водечките дијагнози но пропишувањето е фокусирано врз ограничен број на лекови и се поставува прашањето на можноста за слободен избор на лекарите на понови лекови И воведување на современа терапија.

Споредбата со ситуацијата пред донесувањето на документот покажа дека праксата за пропишување е подобрена.

Идни приоритети на национално ниво би можеле да бидат воведување на генеричка политика за лекови, прецизирање на критериумите за селекција на лековите, рационализирање на антибиотската терапија и поврзување на политиката на реимбурсирање со генеричката политика за лекови.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 132-133 (2007)
PP - 57

Analyzing the consumption of thirty most issued medicines with prescription in the transition period

Slavica Maleska Stojadinovic[1], Bistra Angelovska[2]

[1]JZU Opsta bolnica, 6000 Ohrid, Macedonia
[2]FZO,1000 Skopje

Republic of Macedonia was involved in so-called transition period while becoming independent in early 90-ties. This transitional period is still lasting, and is characterized by numerous changes which impact on medicines consumption, habits of prescribing and use of drugs, such as: significant changes in pharmaceutical market induced by lack and unsteady providing of numerous medicines from former united Yugoslavian market, financial instability of state funds, receiving bigger amounts of medicaments as humanitarian help in the crisis days, changes of regulations about health and finances, changes in Positive drugs list, introduction in centralized system for providing medications using public tenders for medications from Positive drugs list, introducing obtaining of medications using INN, etc.

Analyzing the consumption of drugs in the period of 1996 until 2006 year is interesting challenge for analyzing.

Aim of the work is to make analysis of consumption of thirty most present drugs issued with prescription in year 1990, and after that, we follow their consumption in 1991, 2001 and 2006, using parameters from computer processed prescriptions from pharmacies in Republic of Macedonia.

While preparing the work, we were using method of analysis of statistical reports for medicines issued with prescription, systematized by ATC code and aligned by frequency of issuing by INN and with commercial names.

The results lead us to the conclusion that in the transition period the habits of prescribing and use of medicines are changed. Issued medications are concentrated in few ATC groups, and with the changing the Positive drugs list and the method of providing with centralized tenders by INN, issuing of drugs is concentrated more frequently to the generic products and relatively narrow choice of original products and brands from renowned manufacturers.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 132-133 (2007)
PP - 57

Анализа на потрошувачка на триесетте најиздавани лекови на рецепт во транзицискиот период

Славица Малеска Стојадиновиќ[1], Бистра Ангеловска[2]

[1]ЈЗУ Општа болница, 6000 Охрид, Македонија
[2]ФЗО, 1000 Скопје

Република Македонија влезе во таканаречениот транзициски период со осамостојувањето во ранite 90-ти години. Тој период се уште трае, а го карактеризираат бројни промени кои влијаат врз потрошувачката на лековите, навиките за пропишување и употреба на лековите како што се: значајните промени на фармацевтскиот пазар предизвикани од недостигот и нередовното снабдување со голем број на лекови од бившиот единствен југословенски пазар, финансиската нестабилност на државните фондови, добивањето на поголеми количества на лекови како хумнаитарна помош во кризните периоди, промената на законската регулатива во областа на здравството и финансиите, промена на Позитивната листа на лекови, воведување на централизиран систем на снабдување преку објава на јавни тендери за лековите од позитивната листа, воведување на набавки на лекови според ИНН, и друго.

Следењето на потрошувачката на лековите во периодот од 1990 до 2006 година претставува интересен предизвик за анализа.

Цел на трудот е да направиме анализа на потрошувачката на триесетте најзастапени лекови издадени на рецепт во 1990 година и понатаму да ја следиме потрошувачката на истите во 1991 година, 2001 година и 2006 година, според податоците добиени со следење на компјутерски обработените издадени рецепти во аптеките во Република Македонија.

При изработката на трудот го користевме методот на анализа на статистичките извештаи за издадени лекови на рецепт, систематизирани по АТЦ код и подредени според честотата на издавање по ИНН и заштитени имиња.

Добиените резултати покажуваат дека во транзицискиот период навиките за пропишување и употреба на лековите се променети. Издадените лекови се концентрирани во неколку АТЦ групи, а со промената на Позитивната листа и начинот на набавка со централизирани тендери по ИНН, издавањето на лековите е концентрирано почесто на генерички производи и на значително потесен избор на оригинални продукти и брендови од познати производители.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 134-135 (2007)
PP - 58

Short inerviews for problem identification with the use of drugs

Kolarova S., Lazarova B., Mihailova L.

PH pharmacy "Sofija" Hristijan Karpos 24a Stip; General hospital Ljuben Ivanov bb, Stip, R. Makedonija

---

In Stip private pharmacy SOFIJA has a tradition in addition to written information that is in drug package, patients are given specific oral information on their medication, especially for the drug usage and possible adverse drug reactions. In this pharmacy this is a standard procedure since 2004 year.

Objective: To establish whether the patients are listening for the pharmacist instruction and reading the instruction from the package or not.

Materials and methods: A group of 94 patients (49 male, 45 female) from 51 to 67 years old who were received Amlodipine for chronic disease were interviewed in a period of 3.5 months. The patients were asking short questions about dosage, timing of application, liquid for oral application of the drug and possible problems that appears after starting drug usage. The questions asked were short and simple formed because the patients are always in hurry when they are in pharmacy.

Results: 3 patients declared that they have feet ankle swelling which do not understand like adverse effect but it is a result of long standing. Sometimes they had feet ankle swelling before staring the drug, so did not tell anything for this condition to their doctor. 5 patients got face redness that was lost after 3-4 hours and did not pay attention to this. 3 patients did not respect the time of application because they thought that is not important. 2 patients did not respect the prescribed dose and they thought that the dose is to high for them. The rest of the patients read the instruction from the drug package, understood pharmacist instruction and strongly respect it.

Conclusion: Short and simple questions which can be asked when the patients are taking the drug second time is effective method to identify some problems which appears with drug usage whether they are adverse effects or other nature.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 134-135 (2007)
PP - 58

Кратки интервјуа за идентификација на проблемите кои се јавуваат при употреба на лековите

Коларова С., Лазарова Б., Михаилова Л.

ПЗО аптека Софија Христијан Карпош 24а Штип:
ЈЗУ Општа болница Љубен Иванов бб Штип Р. Македонија

Вовед: Во аптека Софија во Штип при издавање на лек на рецепт секогаш на пациентите им се даваат соодветни усни упатства како што и правилно треба да се постапува при експедиција на лек, особено ако пациентот за прв пат го употребува пропишаниот лек кој понатаму е наменет за терапија на хронично заболување

Цел на трудот: Да се утврди колку пациентите ги слушаат фармацевтите кога тие даваат соодветни упатства и дали ги применуваат истите. Со други зборови колку пациентите имаат доверба во фармацевите како стручни лица.

Материјали и методи: Опфатена е група од 94 пациенти кои почнуваат со терапија за хронично заболување во период од 3.5 месеци и тоа за препаратот Амлодипин таблети. Од 94 пациенти 49 се мажи и 45 се жени, а целата група е на возраст од 51 до 67 години. Поствувани се кратки прашања во врска со дозирањето на лекот, тајмингот на апликација на лекот, видот на течноста со кој се пие лекот и можните проблеми кои се јавиле откако пациентот почнал да го пие лекот. При изведувањето на интервјуто секогаш се внимаваше прашањата да се во едноставен облик и кратки бидејки пациентите кога се во аптека секогаш брзаат.

Резултати: Од 94 пациенти тројца изјавиле дека имаат отоци во зглобовите на нозете, но тоа не го сфаќаат како несакан ефект од лекот туку дека се резултат на подолго стоење бидејки такви отоци им се јавувале од време на време и пред употребата на лекот, па затоа не го обавестиле матичниот лекар за оваа појава. Пет пациенти добиле црвенило на лицето кое се губело после 3-4 часа, па не му посветувале внимание на истото. Три пациенти не го почитувале начинот на употреба на лекот во поглед на времето на апликација бидејки сметале дека тоа не е важно. Двајца пациенти не ја почитувале пропишаната доза затоа што сметале дека таа е преголема за нив. Сите останати го прочитале упатството, добро ја разбрале инструкцијата од фармацевтот и строго се придржувале на кажаното.

Заклучок: Со овој труд сепак може да се заклучи дека со едноставни прашања при повторно земање на ист лек фармацевтот може да идентификува одредени проблеми кои се јавуваат при употребата на истиот без разлика дали тие проблеми се од несаканите ефекти или од друга природа.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 136-137 (2007)
PP - 59

Reporting for advers drug reactions and doctor's contributions for this

Lazarova B., Mihailova L., Kolarova S.

General Hospital Ljuben Ivanov bb Stip, community pharmacy "Sofia"
Hristijan Karpos 24a Stip, R. Makedonija

Adverse drug reactions (ADRs) pose a challenge to prescribing physicians, especially when they are considerably compromises the patient's quality of life and thus affect compliance. Adverse events that do not pose a severe threat to the patient's health and therefore considered no serious are understudied in pharmacotherapy. Identification of ADRs has improved dramatically since ADR surveillance was instituted about 40 years ago. Safety requirements before drug approval combined with post marketing surveillance provide a network ready to capture severe ADRs even if they are rare. No serious ADRs are generally not identified or quantified with the same diligence. Health care professionals must be aware not only of sere ADRs but also less severe ones, their incidence and possible dose dependency such knowledge affects the choice of most appropriate among alternative options and is critical to the recognition of the adequate management of ADRs. Making patients aware of such potential reactions in advance when a drug is prescribed may contribute to good compliance and early control of ADRs. We analyzed the health care professionals in General hospital in Stip and their contributions in ADRs detection and reporting. The conclusion I very disappointed because the doctors know very well what means ADRs but they did not report them from different reasons. Some of them are afraid from criticism, some of them said that they did not have enough free time to fill up lists for ADRs and sent them to the national center for reporting ADRs and some did not know that this center exist. In the last 10 years only 2 cases with AD were reported from this hospital from anesthesiologists. We can conclude although a large number of clinical trials are performed during preaproval and postaproval phases on efficacy of drugs, capture of ADRs is often inadequate.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 136-137 (2007)
PP - 59

Пријавување на несаканите ефекти на лекови и придонесот на лекарите за истите

Лазарова. Б., Михаилова. Л., Коларова. С.

ЈЗУ Општа болница Љубен Иванов бб Штип; ПЗО аптека Софија Христијан Карпош 24а Штип, Р. Македонија

Со додавање на јонски, хидрофобни реагенси во мобилната фаза, може да се подобрат партиционите карактеристики на јоните, што резултира со подобра ретенција, ефикасност и селективност и подобра резолуција. Разделувањето на фосфатите и фосфитите со реверзно фазна хроматографија е постигнато со додавање на тетрабутил амониум хидроксид во мобилната фаза. На мобилната фаза и се додава и супстанција (калиум хидроген фталат) која покажува висока абсорптивност во UV подрачје, со цел да се добие висока апсорпција на мобилната фаза. Детекцијата е постигната со примена на индиректна UV абсорпција, преку мерење на намалувањето на абсорпцијата што се забележува кога аналитот го заменува хромофорниот јон од мобилната фаза. Составот на мобилната фаза и pH беа прилагодени со цел да се да се добие оптимална резолуција и оптимална површина на пиковите на фосфати и фосфити за минимално време на анализа.

Примероците за анализа беа инјектирани во Agilent 1100 HPLC систем. Фосфатите и фосфитите беа разделени со примена на Purospher Star RP 18e 150 x 4,6 mm, 5 mm, колона, и смеса од пуфер pH 8,2 (1 mM калиум хидроген фталат и 0,5 mM тетрабутиламониум хидроксид) и ацетонитрил во однос 95:5, како мобилна фаза. Детекцијата беше извршена преку индиректна UV апсорпција на 248 nm. Методот беше валидиран преку определување на селективност-специфичност, линеарност (во опсег на концентрација од 5 μg/ml до 18 μg/ml), лимит на детекција и квантификација, точност и прецизност.

Резултатите добиени со примена на предложените хроматографски услови покажаа добро разделување на фосфатите (Rt =3,3) и фосфитите (Rt = 3,9), без интерференција од натриум риседронатот. Лимитот на детекција на фосфати изнесува 0,86 μg/ml, а на фосфити изнесува 0,76 μg/ml. Лимитот на квантификација на фосфати изнесува 2,60 mg/ml, а на фосфити изнесува 2,29 μg/ml.

Резултатите од валидацијата на методот покажаа дека методот е селективен, линеарен, точен и прецизен и може да се применува за определување на фосфати и фосфити како онечистувања на натриум риседронат.

.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 207-208 (2007)
PP - 97

Control of separation in Ion-Pair Chromatography

L. Ugrinova, J. Petrusevska, Z. Kitanovski, K. Brezovska, A. Dimitrovska

Center for drug quality control, Faculty of Pharmacy,
The "St. Cyril and Methodius" University, Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Macedonia

---

Ion-pair chromatography is special type of reverse phase chromatography which is used for separation and determination of ionic or ionogenic species. Use of ion-pair agents can enhance peak shape and retention time when common approaches, such as modifying eluent ratios or changing stationary phase, fail to improve resolution of polar and ionized analytes, especially when they are in large numbers, e.g. impurities of active pharmaceutical ingredient. Changing one ion-pairing agent with another (which is the same type as the previous one) also changes the chromatographic separation. This change may lead to different resolution, inversion of retention and fail in achieving the system suitability. When using ion-pairing agent that slightly differs in structure with the prescribed ion-pairing agent in the method, questions arise whether the changed method should or should not be revalidated.

The main advantage of ion-pair chromatography is the high degree of flexibility in adjustment of the chromatographic conditions in order to tailor them to a specific separation. Cations and bases are separated with anionic counter-ions such as pentane or heptane-sulfonic acid or with perchlorate. Anions and acids are usually separated with a tetra-alkyl-ammonium counter-ion, such as tetra-butyl-ammonium ion. There are few general principles for controlling separation that should be followed when developing and transferring an ion pair chromatography method. In order to achieve the best results, the most important principle is to select an appropriate ion-pair agent and for this matter, alkyl chain lengths must be taken into consideration. The chain lengths enable selective separation of the analytes. The longer is the chain, the more hydrophobic is the counter-ion, and therefore, the greater is the retention. Retention may increase by a factor of almost 20 when going from pentyl to dodecyl alkyl chain. In either case, increase in the alkyl chain length of the counter-ion increases retention in reverse-phase ion pair chromatography by up to 2.5 times per added - CH_2- group in the counter-ion. This is the most common pitfall in transfer of ion pair chromatography methods, if the different laboratories haven't got the prescribed ion pair reagent at disposal.

The other principles that must be considered while developing the method with ion pair are not that tricky and are easy to control in method transfer. These includes: pH value of the mobile phase, the ion pair reagent concentration in the mobile phase, buffer concentrations, addition of different organics, such as acetonitrile and methanol to the mobile phase and the temperature of the LC system. The validation should include robustness of the method on the influence of several ion pair reagents with different chain lengths. The system suitability criteria must predict the critical resolutions, k' and symmetry factor. And very important, during the application of the method, the system should be physically stable, i.e. the stationary phase must be preequilibrated with mobile phase.

If all the above considerations are taken into account during the method development, there should be few problems in method transfer. Partial revalidation, i.e. selectivity and the system suitability criteria are the sufficient proof of successful method transfer.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 207-208 (2007)
PP - 97

Контрола на разделување кај јон-пар хроматографски методи

Л. Угринова, Ј. Петрушевска, З. Китановски, К. Брезовска, А. Димитровска

Центар за испитување и контрола на лекови, Фармацевтски Факултет, Универзитет Св. Кирил и Методи, Водњанска 17, 1000 Скопје, Македонија

Јон-пар хроматографија е посебен тип на реверзно фазна хроматографија која се употребува за разделување и одредување на јонски и јоногени видови. Употребата на јон-пар реагенси може да ги подобри изгледот на пикот и ретенционото време, тогаш кога со вообичаените пристапи, како на пример промена на односот на елуентите или промена на стационарната фаза, не е возможно да се подобри резолуцијата на поларни и јонизирани аналити, особено кога се присутни во поголем број, како на пример онечистувања на активна компонента. Промена на јон-пар реагенси (од ист тип) води до промена на хроматографското разделување. Оваа промена може да доведе до намалување на резолуцијата, инверзија на ретенциите и непостигнување на соодветност на хроматографскиот систем. При пренос на методи, доколку се употребува јон-пар реагенс кој структурно се разликува од пропишаниот, се поставувува прашањето дали променетиот метод треба да се ревалидира или не.

Главната предност на јон-пар хроматографијата е големиот степен на флексибилност при прилагодување на хроматографските услови со цел најдобра сепарација. Катјоните и базните компоненти се разделуваат со анјонски јон како што е пентан или хептан сулфонска киселина, или пак со перхлорат. Анјони и кисели компоненти вообичаено се раздвојуваат со тетраалкил амониумови јони, како што е тетрабутиламониумов јон. Постојат неколку принципи за контрола на сепарацијата кои мора да се почитуваат при развој и пренос на јон-пар хроматографски метод. За да се добијат најдобри резултати, најважно е да се избере соодветен јон-пар реагенс и притоа мора да се земе предвид должината на алкилниот ланец. Должината на ланецот е клучната варијабла која го одредува разделувањето на аналитите во двата типа на јон-пар хроматографија. Колку е подолг ланецот, толку е похидрофобен јонот со спротивен полнеж од аналитот, па со тоа и ретенцијата е поголема. Ретенцијата може да се зголеми и за фактор од скоро 20 при промена од пентил на додецил алкил ланец. Во секој случај, со зголемување на должината на алкилниот ланец на јон-пар реагенсот за една $-CH_2-$ група, ретенционото време се зголемува дури и до 2,5 пати. Ова воедно е најчестата замка при пренос на методите, доколку не е достапен идентичниот јон-пар реагенс.

Другите принципи на кои мора да се внимава при развој на метод со јон-пар не се многу проблематични и лесно се контролираат при пренос на методите. Тука се вклучени: pH вредност на мобилната фаза, концентрација на јон-пар реагенсот во мобилната фаза, концентрација на пуферскиот систем, додавање на различни органски растворувачи, како ацетонитрил или метанол во мобилната фаза и температурата на хроматографскиот систем. Во валидацијата треба да биде вклучена робустноста на методот, одредена преку влијание на неколку јон-пар реагенси со различна должина на алкилните ланци. Критериумите за соодветност на системот мора да ги предвидат критичните резолуции, к' вредностите на соодветните пикови, како и факторите на симетрија. За време на апликациите, многу е важно системот да биде физички стабилен, односно стационарната фаза да е пре-еквилибрирана со мобилната фаза.

Доколку сите претходни напомени се земени предвид при развивањето на методот, не треба да се очекуваат проблеми при пренос на методот. Делумната ревалидација, односно селективноста и исполнетите критериуми за соодветност на системот се дооволен доказ за успешен пренос на методот.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 209-210 (2007)
PP - 98

HPLC method for determination of lamotrigine impuriities in Lamal® tablets

I. Bozinovska, D. Kafediska, C. Dolikoska, M.Simjanovska,
B. Samarova-Stoev, B. Sapkareva, H. Babunovska

ALKALOID AD- Skopje, Pharmaceutical, Chemical and Cosmetics Company,
Aleksandar Makedonski br.12;1000 Skopje, Republic of Macedonia

---

Lamotrigine is a drug of the phenyltriazine class, chemically unrelated to existing antiepileptic drugs. It is recognized as an anticonvulsant drug used in the treatment of epilepsy (Lennox-Gastaut syndrome) and bipolar disorder. It is the first medication since lithium granted FDA approval for the maintenance treatment of bipolar type I. It's available in four dosage forms, as Lamal tablets from 25mg, 50mg, 100mg and 200mg, approved for adults and children.

Our work was to develop and validate reliable and sensitive HPLC method using UV detection to determine Lamotrigine related compounds. The optimal chromatographic separation has been achieved using Inertsil ODS-3 250 x 4,6mm; 5µm column, with a mobile phase of 0.05M $NH_4(CH_3COO)$ (mobile fase A) and a mixture of methanol and acetonitril (97.5 : 2.5) (mobile fase B), using gradient mode. Detection was at 225 nm and total run time of 35 minutes.

This conditions allowed the complete separation of:

1)Impurities due to the presence of un-reacted starting materials: Schiff base (RRT 2.04);

2)Impurities formed during synthesis: Impurity A (RRT 1.15); Impurity B (RRT 2.34);

3)Impurities due to the degradation of the main product: Acid impurity (RRT 0.74);

According ICH guideline Q2(R1), the HPLC method has demonstrated to be specific for determination of impurities, linear within reasonably wide range of concentration, accurate, precise and robust.

Validation of the HPLC method was performed with concentration of 0.002mg/ml of the Lamotrigine standard solution, as a target concentration, corresponding to 0.1% of the Lamotrigine test solution used in the determination of chromatographic purity.

To demonstrate specificity,a mixed standard of Lamotrigine and Impurity A was prepared and the achieved resolution was 3.34. Furthermore, specificity was established by demonstrating that there is no interference between peak of interest and peaks from diluent and placebo.

Linear correlations were obtained between the response of Lamotrigine peak related to the concentrations of standards over the range of 0.0008-0.0032mg/ml (20µl injected) and correlation coefficient of 0.99918 was obtained.The accuracy expressed as a percent of recovery was good in all cases, ranging in the predetermined acceptance criteria (90.0% - 110.0%), as well as RSD values less than 5%.

The precision expressed as RSD was 1.84%.Quantitation limit is 0.26 g/ml. Detection limit is 0.09 g/ml.

The validated method was applied for impurities determination in commercially available tablets of Lamotrigine in routine quality control as well as for stability studies.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 209-210 (2007)
PP - 98

Одредување на сродни и деградациони продукти на Ламотригин во Ламал® таблети со HPCL метода

И. Божиновска, Д. Кафеџиска, Ц. Доликоска, М. Симјановска, Б. Самарова- Стоев, Б. Шапкарева, Х. Бабуновска

АЛКАЛОИД АД-Скопје, Фармацевтска, Хемиска и Козметичка Индустрија, Александар Македонски бр. 12, 1000 Скопје, Република Македонија

Lamotrigine е лек од Фенилтриазинската група на лекови и по својата хемиска структура се разликува од останатите антиепилептични лекови. Се употребува како антиконвулзивен лек во третман на епилепсија (Lennnox-Gastaut-ов синдром) и во лекување на биполарни нарушувања. Претставува прв лек после Литиумот, здобиен со FDA одобрување за одржување и третман на биполарни нарушувања од тип I. Достапен е во четири дозажни форми како Ламал таблети од 25 мг, 50 мг, 100 мг и 200 мг, одобрени за употреба и кај возрасни и кај деца.

Наша задача беше да развиеме и валидираме соодветна веродостојна и сензитивна HPLC метода користејќи UV детекција за одредување на сродните и деградациони продукти на Ламотригинот. Оптимално хроматографско разделување се постигнува со користење на Inertsil ODS-3 колона 250 x 4,6mm; 5mm; како мобилна фаза: 0.05M $NH_4(CH_3COO)$(мобилна фаза А) и мешавина од метанол и ацетонитрил (97.5:2.5)(мобилна фаза В) користејќи градиент. Детекцијата е на 225 nm а времетраењето на ранот е 35 минути.

Ваквите хроматографски услови овозможуваат целосно раздвојување на :

1) Онечистувања кои се должат на присуство на неизреагирани почетни супстанции: Шифова база (РРТ 2.04)

2) Онечистувања создадени при текот на синтезата : Онечистување А (РРТ 1.15); Онечистување Б (РРТ 2.34);

3) Онечистувања настанати како резултат на деградација на главниот проиавод: Кисело онечистување (РРТ околу 0.74).

Согласно ICH водичот Q2(R1), HPLC методот се докажа дека е специфичен за одредување на онечистувањата, линеарен во рамките на широк опсег на концентрации, точен, прецизен и робустен.

Валидацијата на овој HPLC метод е изведена со стандарден раствор на Ламотригин со концентрација од 0.002 mg/ml како целна концентрација, на која одговара 0.1 % Ламотригин тест растворот, кој се користи за детерминација на хроматографската чистота.

За да се прикаже специфичноста, подготвен е мешан стандарден раствор од Ламотригин и Онечистување А и притоа е добиена резолуција од 3.34. Понатаму, докажано е дека не постои интерференција помеѓу пикот од интерес и пиковите од плацебото и растворувачот.

Линеарен сооднос е постигнат помеѓу одговорот од пикот на Ламотригин во однос на концентрации на стандардот во концентрационен опсег од 0.0008-0.0032 mg/ml (инјектирање 20 µl), и постигнат е корелационен коефициент од 0.99918. Точноста, изразена како перцент рецоверs даде добри резултати во сите случаи, во границите на претходно утврдениот прифатлив критериум (90.0-110.0%), како и РСД вредности помали од 5%. Прецизноста е докажана со тоа што е добиена RSD вредност од 1.84 %. Лимитот на квантификација е 0.26 g/µl. Лимитот на детекција е 0.09 g/µl.

Валидираната метода е применета за одредување на онечистувања во комерцијално достапните таблети Ламал, како во редовната контрола на квалитет, така и во испитувањата при следење на стабилноста на лекот.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 211-212 (2007)
PP - 99

Forced degradation study performed on Lisinopril dihydrate active pharmaceutical ingredient

K. Brzilova, H. Babunovska, V. Dubrova-Koceva, S. Janeva, D. Damcevska, B. Debarlieva, F. Butikoski, T. Kovacevik-Novakova

A.D. Alkaloid, Department of Quality Control, Bul. Aleksandar Makedonski br .12,1000 Skopje, Macedonia

---

Lisinopril dihydrate is active pharmaceutical ingredient which belongs in the group of angiotensin converting enzyme inhibitors.It is active pharmaceutical ingredient in Skopryl tablets, product of Alkaloid-Skopje, which are primarily used in treatment of hypertension,congestive heart failure and heart attacks.

The goal of this testing was determination of Lisinopril dihydrate degradation products formed under the influence of several stress conditions:heat degradation(105°C);VIS degradation(450-650nm); UV degradation (254nm) ;acid hydrolysis(1N HCl);base hydrolysis(1N NaOH) and oxidation(2% H_2O_2).

In determination of degradation products HPLC method was used. This HPLC method includes: LiChrospher 100 RP-8 250mmx4mm,5»m column;wavelength of 210nm;temperature of 50^0C;flow rate of 1.0ml/min;injection volume of 20µl and 100µl;mobile phase A:mixture of 30volumes acetonitrile R and 970volumes of 3.12g/l sodium dihydrogen phosphate R solution adjusted to pH=5.0 with 50g/L solution of sodium hydroxide R; mobile phase B:mixture of 200ml acetonitrile R and 800ml of 3.12g/l sodium dihydrogen phosphate R solution adjusted to pH=5.0 with 50g/L solution of sodium hydroxide R; percentage of mobile phase changes with linear gradient.

With this study it was determined that:

• Lisinopril dihydrate active substance undergoes degradation influenced by temperature of 105^0C. Known impurity A and unknown impurity are formed. Major detected peak is unknown impurity with RRT 4.08;

• Lisinopril dihydrate active substance is not influenced by VIS light at 450-650nm (degradation products are not formed);

• Lisinopril dihydrate active substance is influenced by the UV light at 254nm. Known impurity A and impurity D, and unknown impurities are formed. Major detected peak is known impurity A;

• Solution of Lisinopril dihydrate in 1N HCl is stable (degradation products are not formed);

• Solution of Lisinopril dihydrate in 1N NaOH is stable (degradation products are not formed);

• Solution of Lisinopril dihydrate in 2% H_2O_2 is not stable. Known impurity A and impurity D,and unknown impurities are formed.Major detected peak is known impurity A.

It was concluded that described HPLC method has shown good selectivity and that is why it could be used in determination of potential known and unknown impurities which might be formed during the degradation process of active pharmaceutical ingredient Lisinopril dihydrate.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 211-212 (2007)
PP - 99

Форсирана деградациона студија извршена врз активната супстанца Lisinopril dihydrate

К. Брзилова, Х. Бабуновска, В. Дуброва-Коцева, С. Јанева,
Д. Дамчевска, Б. Дебарлиева, Ф. Бутикоски, Т. Ковачевиќ-Новакова

А. Д. Алкалоид, Одел за контрола на квалитет
Бул. Александар Македонски бр. 12, 1000 Скопје, Македонија

Активната фармацевтска супстанца Lisinopril dihydrate спаѓа во групата на инхибитори на ангиотензин конвертирачкиот ензим. Оваа активна супстанца влегува во состав на Skopryl tabletite, производ на Алкалоид-Скопје, кои се користат во лекувањето на хипертензија, конгестивна срцева инсуфициенција и акутен инфаркт на миокардот.

Цел на оваа студија беше одредување на деградационите продукти кои се создаваат кога активната супстанца Lisinopril dihydrate ќе се изложи на дејството на повеќе стрес влијанија: топлотна деградација (105^0C); деградација под влијание на видливата светлина(450-650nm); деградација под влијание на ултравиолетовата светлина (254nm);хидролиза во кисела средина(1N HCl); хидролиза во алкална средина (1N NaOH) и оксидација (2% H_2O_2).

Одредување на деградационите продукти беше направено со HPLC метода во која беше користена LiChrospher 100 RP-8 250mmx4mm, 5μm колона загревана на температура од 50^0C; детекцијата беше вршена на бранова должина од 210nm; елуирањето беше вршено со мобилна фаза А составена од 30 волумени ацетонитрил и 970 волумени раствор од 3.12g/L натриум дихидроген фосфат дотеран до pH=5.0 со раствор од 50g/L натриум хидроксид и мобилна фаза Б составена од 200ml ацетонитрил и 800ml раствор од натриум дихидроген фосфат дотеран до pH=5.0 со раствор од 50g/L натриум хидроксид; уделот на мобилните фази А и Б се менуваше со линеарен градиент; протокот на мобилната фаза беше 1.0ml/min; беа инјектирани 20 μl i 100 μl од пробните раствори.

При изведувањето на оваа студија беше утврдено дека:

• Користената HPLC метода покажа добра селективност и затоа може да се користи при одредувањето на потенцијалните познати и непознати онечистувања кои може да се создадат при деградација на активната супстанца Lisinopril dihydrate;

• Активната супстанца Лисиноприл дихздрате подложи на деградација кога ќе се изложи на влијанието на температура од 105^0C, при што се создаваат познатото онечистување А и непознато онечистување со PPT 4.08. Ова непознато онечистување воедно е и најголемо детектирано онечистување;

• Активната супстанца Lisinopril dihydrate не подложи на влијание на видливата светлина (при овие услови не се создаваат деградациони продукти);

• Активната супстанца Lisinopril dihydrate подложи на деградација кога ќе се изложи на влијанието на ултравиолетова светлина од 254 nm, при што се создаваат познатото онечистување А, познатото онечистување Д и непознати онечистувања. Познатото онечистување А е најголемото онечистување кое се создава при овој стрес услов;

• Активната супстанца Lisinopril dihydrate растворена во 1N HCl е стабилна (не се создаваат деградациони продукти);

• Активната супстанца Lisinopril dihydrate растворена во 1N NaOH е стабилна (не се создаваат деградациони продукти);

• Активната супстанца Lisinopril dihydrate растворена во 2% раствор од H_2O_2 не е стабилна, при што се создаваат познатото онечистување А, познатото онечистување Д и непознати онечистувања. Познатото онечистување А е најголемото онечистување кое се создава при овој стрес услов.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 213-214 (2007)
PP - 100

Determination of impurity profile of morphine hydrochloride by HPCL with diode array detector

G. Evgenievska[1], S. Naumovska[1], S. Sardzovska[1], L. Markovska[1], A. Jovanovic[1], H. Babunovska[1], B. Sapkareva[1], J. Bogdanov[2]

[1]ALKALOID AD - Skopje, Pharmaceutical, Chemical and Cosmetics Company, Aleksandar Makedonski 12, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
[2]Institute of Chemistry, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, "Sts. Cyril and Methodius University", P.O. Box 162, 1000 Skopje, Republic of Macedonia

---

Morphine (1) and its derivatives continue to be useful in medicine both as analgesics and as anesthetics. In most of the preparations, morphine is supplied as a salt of which the most commonly used is morphine hydrochloride trihydrate **(**1*HCl). Since morphine is derived from natural sources it is important to have a fast and reliable method for qualitative and quantitative determination of related impurities (which can be process-related or can be degradation products). Impurity profiling is receiving much attention from regulatory authorities (European Pharmacopeia, British Pharmacopeia, United States Pharmacopeia) which are slowly incorporating limits to allowable levels of impurities present in the active substances or formulations. High pressure liquid chromatograph with diode array detector HPLC-DAD utilizing octylsilyl stationary phase (250 x 4.6mm, 5μm), sodium octanesulphonate as ion-pairing reagent and 25/75 acetonitrile/buffer mobile phase has been used to determine the impurity profile of morphine hydrochloride trihydrate. Under these conditions good resolution between morphine and the impurities was achieved and retention times (R_t) and relative retention times (Rel. R_t) were obtained. From the runs with individual primary standards, purity parameters were determined and UV spectra (200 – 367 nm) of each compound were obtained. The extinction coefficients (ε) at 244 nm and 283 nm were calculated from area UV spectra and using the values of ε the absorbance ratios A_{244nm}/A_{283nm} for each compound was determined. For quantification of impurities, from the extinction coefficients at 283 nm the correction factors (for peak areas) with respect to morphine hydrochloride trihydrate were determined. For identification purposes, one can differentiate between morphine and related impurities based on retention times and absorbance ratios (A_{244nm}/A_{283nm}). The HPLC method presented in this work is fast, reliable, sensitive and robust for detecting of impurities in morphine hydrochloride trihydrate below limits specified by ICH.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 213-214 (2007)
PP - 100

Одредување на профил на онечистувања на морфин хидророхлорид со HPLC-DAD

Г. Евгениевска[1], С. Наумовска[1], С. Сарџовска[1], Л. Марковска[1], А. Јовановиќ[1], Х. Бабуновска[1], Б. Шапкарева[1] и Ј. Богданов[2]

[1]АЛКАЛОИД АД - Скопје, Фармацевтска, Хемиска и Козметичка компанија, Александар Македонски 12, 1000 Скопје, Република Македонија
[2]Институт за Хемија, Природно математички Факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј, П.Ф. 162, 1000 Скопје, Република Македонија

Морфинот (1) и неговите деривати продолжуваат да бидат корисни во медицината како аналгетици и анестетици. Во најголемиот број на препарати морфинот е во форма на сол од која најчесто користена е морфин хидрохлорид трихидрат (1*HCl). Морфинот се добива од природни извори и е многу важно да се има брз и сигурен метод за квалитативно и квантитативно одредување на сродни онечистотувања (Сродните онечистувања можат да потекнуваат од производствениот процес или да бидат деградациони продукти). Одредувањето на профилот на онечистувањата добива на тежина кај регулаторните фармацевтски организации (Европска Фармакопеа, Британска Фармакопеа, US Фармакопеа) кои полека, ги инкорпорираат границите на дозволено ниво на онечистуања присутни во активната супстанца или формулација. HPLC е најупотребуваната метода за таа цел во фармацевтската индустрија. Целта на нашето истражување беше да го одредиме профилот на онечистувањата на морфин хидрохлорид трихидратот со HPLC-DAD користејќи октилсилил стационарна фаза (250 x 4.6mm, 5μm), натриум октансулфонат како јонспарувачки реагенс и 25/75 ацетонитрил/пуфер мобилна фаза. При овие услови, беше постигната добра резолуција помеѓу морфинот и онечистувањатате и беа одредени нивните ретенциони времиња (R_t) и релативни ретенциони времиња (Rel. R_t) . Од рановите со индивидуални примарни стандарди, параметри на чистота беа одредени и снимени УВ spektrite (200 - 367 nm) на секое поединечно соединение. Екстинкционите коефициенти (ε) на 244 nm и 283 nm беа пресметани од УВ спектрите и користејќи ги ε вредностите, соодносот на абсорбанците A_{244nm}/A_{283nm} беа одредени. За квантификација на онечистувањата,беа одредени корекциони фактори (за површина на пиковите) од екстинкционите коефициенти на 283 nm во однос на морфин хидрохлорид трихидрат. За идентификациони цели, може да се диференцираат морфинот и сродните нечистотии со комбинација на ретенциони времиња и сооднос на абсорбанци (A_{244nm}/A_{283nm}). HPLC методата прикажана во овој труд е брза, сигурна, сензитивна и робусна за детектирање на онечистувања во морфин хидрохлорид трихидрат под нивото специфицирано од ICH.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 215-216 (2007)
PP - 101

RP- HPLC gradient metod for simultaneous quantification of Salbutamol sulphate and preservatives in pharmaceutical dosage forms

Katerina Kocova, Lidija Mano Iliev, Irina Batkovska Borozanova, Gordana Trendovska Serafimovska

REPLEKPHARM Company for pharmaceutical-chemical products, Kozle 188, 1000 Skopje, Macedonia

---

Salbutamol (INN) or albuterol (USAN) is a short -acting β_2 – adrenergic receptor agonist used for relief of bronchospasm in condition such as asthma and chronic obstructive pulmonary disease. Salbutamol sulphate is usualy given by tablets, syrups and sprays for inhalation.

The aim of this study was to develop a simple, fast and accurate, reversed phase HPLC method for simultaneous quantification of Salbutamol and accompanyng preservatives (Sorbic acid, Methyl paraben and Propyl paraben) in pharmaceuticals. These components represent a diverse array of structures, polarities and functional groups. The wide variation in polarity and hydrophobicity among the analyte components (Salbutamol and Propyl Paraben) requires application of gradient elution.

Separation was achieved using Lichrospher RP-select B column (125 x 4 mm i.d., 5μm), emloying simple mobile phase: 10 mM Potassium Dihydrogen Phosphate, pH=2.6 and Acetonitrile with flow rate of 1.1 ml/min. Detection was achieved with the photodiode - array detector at 225 nm and the analyze was completed in less than 15 min., including the time for re – equilibration.

Retention times of all components were: 2 minutes for Salbutamol, 7 minutes for Sorbic Acid, 7.7 min. for Methyl Paraben and 9.5 min. for Propyl Paraben. This good resolution for all 4 components is obtained by applying a segmented gradient: an initial contentration of 10 % Acetonitrile within 2 minutes is necesary for the retention of salbumatol and for the pick-shape, and a second concetracation of 45 % acetonitrile within 7 min. to provide resolution of the later eluting components.

The reversed phase HPLC method with gradient elution for simultaneous quantification of Salbutamol and accompanyng preservatives (Sorbic acid, Methyl paraben and Propyl paraben) is simple, fast and accurate method which can be applied in sample analysis with wide range of polarity.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 215-216 (2007)
PP - 101

Реверзно Фазен HPLC-градиент метод за симултана квантификација на Салбутамол сулфат и конзерванси во фармацевтски дозажни форми

Катерина Кочова, Лидија Мано Илиев, Ирина Батковска Борозанова, Гордана Трендовска Серафимовска

РеџлекФарм, Друштво за производство на фармацевтско - хемиски производи, Козле 188, 1000 Скопје, Македонија

Салбутамол (ИНН) или албутерол (УСАН) е бета$_2$-адренергичен рецептор агонист со кратко дејство, кој се применува за олеснување на бронхоспазам кај пациенти со бронхијална астма и при хронични опструктивни белодробни заболувања. Салбутамол сулфатот најчесто се применува во облик на сирупи, таблети и спреј за инхалирање.

Целта на оваа студија е да се развие едноставен, брз и точен реверзно-фазен HPLC метод за симултана квантификација на Салбутамол и присутните конзерванси (Сорбинска киселина, Метил и Пропил парабени) во фармацевтски формулации. Овие компоненти имаат различна хемиска структура, поларност, функционални групи. Големата разлика во поларноста или хидрофобноста меѓу компонентите во аналитот (салбутамол и пропил парабен) условува примена на градиентно елуирање.

Сепарацијата беше изведена на Lichrospher RP-select B колона (125 x 4 mm, 5mm) со едноставна мобилна фаза составена од 10 mM Калиум дихидроген фосфат со pH 2,6 и ацетонитрил со проток од 1,1 ml/min. Детекцијата беше извршена со "photodiode arra" детектор на 225 nm и анализата беше комлетно завршена за помалку од 15 минути заедно со времето потребно за ре-еквилибрирање на колоната.

Добрата резолуција на сите четири компоненти со ретенционите времиња од 2 минути за Салбутамол, 7 мин за Сорбинската киселина и 7,7 мин. односно 9,5 мин. за метил и пропил парабен соодветно, е постигната со примена на сегментиран градиент: почетната концентрација од 10 % на ацетонитрил до 2 мин. е неопходна за задршка на Салбутамолот како и за обликот на пикот, додека во втора фаза-45 % на Ацетонитрил во тек на 7 мин. обезбедува резолуција на подоцна елуирачките компоненти.

Реверзно фазен HPLC метод со градиентно елуирање за квантификација на Салбутамол и придружните конзерванси е едноставен, точен и брз кој може да се примени за анализа на примерок со широк ранг на поларност.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 217-218 (2007)
PP - 102

Simoultaneous quantitative determination of 2 active components and 2 preservatives in liquid dosage form trimosul with HPLC

Piponski M.[1], Slaveska I., Rusevska T., Mindoseva M.,
Serafimovska-Trendovska G.

[1]*Quality Control Deparment, Pharmaceutical Company Replekfarm – Skopje, Kozle 188, Skopje, R. Macenodia*

We developed and validated simple chromatographic method for quantification of Sulphometoxazol, Trimethoprime, Nipagin and Nipasol in liquid pharmaceutical formulation in analysis lasting less than 7 minutes. The method shown to be selective, accurate, precise, reproducible and rigid, according to statistical calculations for all four mentioned components.The method is of isocratic mode of run, using analytical column RP Select B 125 x 4 mm, ternary mobile phase composed of methanol, acetonitrile and 20mM potassium phosphate buffer with pH = 2,7. UV absorbance measuring detector set to 242nm wavelength. This method clearly separates components with satisfactory resolution and good system suitability parameters. The method can be easily rescaled for faster analysis with shorter analytical column for in process control or in more demandable stability study analysis using longer analytical column with higher resolution needs. All performances of the method, make it very useful for Quality Control routine laboratory analysis in pharmaceutical companies engaged in large number of analysis per day.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 217-218 (2007)
PP - 102

Симултано квантитативно одредување на 2 активни компоненти и 2 конзерванси во течна дозажна формулација на Тримоксазол со HPLC метода

Пипонски М.[1], Славеска И., Русевска Т., Миндосева М.,
Серафимовска-Трендовска Г.

Сектор за Контрола на Квалитет, Реплекфарм - Скопје, Козле 188, 1000 Скопје, Р. Македонија

Развиен и валидиран е едноставен хроматографски метод за квантификација на Sulphometoxazol, Trimethoprime, Nipagin и Nipasol, во течна фармацевтска формулација. Со анализа која трае помалку од 7 минути. Методата покажува селективност, прецизност, повторливост и ригидност, во однос на статистичките калкулации за сите 4 компоненти. Самата метода е со изократски мод на сепарација, која користи аналитичка колона RP Select B 125 x 4 mm, тернарна композиција на мобилна фаза составена од метанол, ацетонитрил и 20mM калиум фосфатен пуффер со киселост pH=2.7, UV-апсорпционен детектор дотеран на 242 nm бранова должина. Методата јасно ги раздвојува компонентите со задоволувачка резолуција и солидни вредности за соодветност на системот. Истата метода може лесно да се редизајнира за побрзи анализи со пократка колона за непосредна производна контрола или за поопсежни анализи при студиите за стабилност на препаратот со користење на подолги хроматографски колони, кои бараат поголема резолутивност. Сите перформанси на методата ја чинат многу корисна за рутински секојдневни анализи во секторите за контрола на Квалитет при фармацевстските компании, кои имаат голем број на анализи во работниот ден.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 219-220 (2007)
PP - 103

Development of HPLC method for simoultaneus quantification of dexchlorfeniramine, paracetamol, pseudoephedrine and dextrometorphan in solid pharmaceutical dosage forms

Piponski M.[1], Rusevska T., Slaveska I., Hristova O., Serafimovska-Trendovska G.

[1]Quality Control Deparment, Pharmaceutical Company Replekfarm – Skopje, Kozle 188, Skopje, R. Macedonia

There are many pharmaceutical preparations on the Macedonian market which are composed different combinations of active substances like DEXCHLORFENIRAMINE, PARACETAMOL, PSEUDOEPHEDRINE and DEXTROMETORPHAN. In this work we describe HPLC method for simultaneous determination of all 4 analytes, even they do not exist together in any pharmaceutical product on the market. The method is competent for their quantification regardless of the used combination of these analytes are not simple for separation because of their chemical structure and especially because of the large differences in quantities incorporated in pharmaceutical dosage forms, and their molar UV absorption coefficients. We tested many different HPLC columns and mobile phase compositions, and the best results were gain with Supelco LC-8-DB and RP Select B chromatographic matrixes using binary composition of mobile phase with buffer and acetonitrile. The mixture of mentioned components were separated in less than 5 minutes run with satisfying resolution and system suitability parameters. Both columns were used in methods which shown to be simple, fast, accurate, precise, reproducible, the features especially essential for routine analyses in Quality Control Laboratories in pharmaceutical companies.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 219-220 (2007)
PP - 103

Развој на изократска HPCL метода за симултана квантификација на Dexchlorfeniramine, Paracetamol, Pseudoephedrine и Dextrometorphan во цврсти фармацевтски дозазни форми

Пипонски М.[1], Русевска Т., Славеска И., Христова О., Серафимовска-Трендовска Г.

[1]Сектор за Контрола на Квалитет, Фармацевтска Компанија Реплекфарм- Скопје, Козле 188, 1000 Скопје, Р. Македонија

Постојат повеке фармацевтски препарати на македонскиот пазар кои во својот состав имаат инкорпорирано различни комбинации на активни супстанции какви што се DEXCHLORFENIRAMINE, PARACETAMOL, PSEUDOEPHEDRINE и DEXTROMETORPHAN. Во овој труд е опишан HPLC метод за симултано детерминирање на сите 4 аналити, иако тие не постојат заедно во ниту еден од препаратите од фармацевтските продукти на пазарот. Методата е компетентна за квантификација на наведените компоненти независно од комбинацијата на истите во готовите препарати. Овие аналити не се лесни за сепарација поради нивната хемиска структура и посебно поради големите разлики со кои истите се застапени во фармацевтските дозазни форми, како и нивните моларни екстициони коефициенти. Ние тестиравме повеке различни HPLC колони и состави на мобилни фази, и најдобри резултати беа добиени со Supelco LC*-DB и LiChrospher RP Select B хроматографски матрикси при користење на бинарен состав на мобилна фаза со пуфер и ацетонитрил. Микстурата од споменатите компоненти бесе сепарирана за помалку од 5 минути анализа, со задоволителни параметри на хроматографска соодветност на системот. Двете колони беа користени во методи кои се показаа дека се едноставни, брзи, точни, прецизни и репродуцибилни, особини кои се посебно битни за рутински анализи во лабораториите за Контрола на квалитет во фармацевтската индустрија.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 221-222 (2007)
PP - 104

Determination of benzalkonium chloride in pharmaceutical by UV-spectrophotometry

Vasil Karcev, Lence Nikolova, Liljana Ugrinova, Suzana Trajkovic-Jolevska

Faculty of Pharmacy, Ss Cyril and Methodius University,
Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Macedonia

Benzalkonium chloride (alkyl dimethyl benzyl ammonium chloride) is a mixture of alkylbenzyl dimethylammonium chlorides of various alkyl chain lengths. This product is a nitrogenous cationic surface-acting agent belonging to the quaternary ammonium group. The greatest bactericidal activity is associated with the C12-C14 alkyl derivatives. It is commonly used as an antiseptic and spermicide. Benzalkonium chloride has been considered one of the safest synthetic biocides known and has a long history of efficacious use. The mechanism of bactericidal/microbicidal action is thought to be due to disruption of intermolecular interactions. This can cause dissociation of cellular membrane bilayers, which compromises cellular permeability controls and induces leakage of cellular contents. Other biomolecular complexes within the bacterial cell can also undergo dissociation.

The aim of our study was to develop UV-spectrophotometric method for determination of benzalkonium chloride in pharmaceutical-disinfectant solution. Solution of benzalkonium chloride in water shows three well defined absorption maxima - at 257 nm, 262 nm and 269 nm. The only excipient, flavour component antamarin, present in the formulation, does not absorb at UV region. But, in water solution of benzalkonium chloride in the presence of antamarin, the increase of absorbancies values have been noticed, without any changes in spectral distribution and absorption maxima. Due to this, all the solutions were made with solvent prepared with antamarin, ethanol and water.

Validation of the method included linearity, range, accuracy and precision, in accordance with ICH guidelines. Investigations have been carried out at all three absorption maxima. Method was found to be linear in the concentration range of 0.1-0.9 mg/ml (r=0.9999) for all three wavelengths. The recovery and RSD values were: 99.62-100.71% and 0.52-1.43%, respectively (at 257 nm); 97.67-101.17% and 0.23-0.73%, respectively (at 262 nm); 99.55-101.37% and 0.20-1.55%, respectively (at 269 nm). Determination of benzalkonium chloride in disinfectant solution was carried out using the proposed method and titrimetric method previously validated, as well. Statistical analysis revealed that there is no significant difference between the results obtained with two methods.

According to the obtained results, the developed UV-spectrophotometric method is linear, accurate and precise. The proposed method is applicable in routine analysis for quick determination of benzalkonium chloride in pharmaceutical-disinfectant solution.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 221-222 (2007)
PP - 104

Определување на бензалкониум хлорид во фармацевтски препарат со UV-спектрофотометриски метод

Васил Карчев, Ленче Николова, Лилјана Угринова, Сузана Трајковиќ-Јолевска

Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„
Водњанска 17, 1000 Скопје, Македонија

Бензалкониум хлорид (алкил диметил бензил амониум хлорид) претставува смеса од алкил бензил диметил амониум хлориди со различна должина на алкилните ланци. Тој е азотна катјонска површински активна супстанца и припаѓа на групата на кватерни амониумови соли. Најголемата бактерицидна активност е поврзана со C12-C14 алкилните деривати. Вообичаено се употребува како антисептиц и спермицид. Бензалкониум хлорид е еден од најсигурните познати синтетски биоциди и има долга историја на ефикасна употреба. Се смета дека механизмот на бактерицидното/ микробицидното дејство се должи на пореметување на интермолекуларните интеракции. Тоа може да предизвика дисоцијација на двослојот на клеточната мембрана, што пак ја пореметува пермеабилноста на мембраната и предизвикува губење на клеточната содржина. Под дејство на бензалкониум хлорид можат да дисоцираат и други биомолекуларни комплекси во бактериската клетки.

Целта на нашето испитување беше да се развие едноставен UV-спектрофотометриски метод за определување на бензалкониум хлорид во фармацевтски препарат-раствор за дезинфекција. Воден раствор на бензалкониум хлорид покажува три добро дефинирани апсорпциони максимуми- на 257 nm, на 262 nm и на 269 nm. Единствената помошна супстанца, мирисната компонента антамарин, присутна во готовиот производ, не покажува апсорпција во UV-подрачјето. Меѓутоа, во воден раствор на бензалкониум хлорид во присуство на антамарин, беше забележано зголемување на вредностите на абсорбанциите во однос на стандардниот раствор на бензалкониум хлорид, без поместување на апсорпционите максимуми и без промена на обликот на спектарот на бензалкониум хлорид. Поради тоа, стандардните и пробните раствори беа подготвувани во растворувач етанол/вода и антамарин.

Методот беше валидиран преку испитување на линеарноста, опсегот, точноста и прецизноста, во согласност со ICH водичите. Мерења беа правени на сите три бранови должини на апсорпциони максимуми. Методот е линеарен во областа на концентрации од 0,1-0,9 mg/ml (r=0,9999) за сите три бранови должини. Аналитичкиот принос и RSD изнесуваа: 99,62-100,71% и од 0,52-1,43%, соодветно (на 257 nm); 97,67-101,17% и 0,23-0,73%, соодветно (на 262 nm); 99,55-1-1,37% и 0,20-1,55%, соодветно (на 269 nm). Определување на содржината на бензалкониум хлорид во раствор за дезинфекција беше извршено со предложениот метод и со титриметриски метод претходно валидиран. Статистичката обработка на резултатите покажа дека не постои значајна разлика помеѓу резултатите добиени со двете методи.

Според добиените резултати, UV-спектрофотометрискиот метод е линеарен, точен и прецизен. Предложениот метод е применлив во рутинската контрола за брзо определување на бензалкониум хлорид во фармацевтски препарат-раствор за дезинфекција.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 223-224 (2007)
PP - 105

Identification of metamizole sodium with the NIRS (Near Infrared Spectroscopy) method

N. Stojanoska, B. Krstevska, V. Ajanovska, Z. Mironovski, J. Velevska, H. Babunovska

ALKALOID AD - Skopje, Pharmaceutical, Chemical and Cosmetics Company,
Aleksandar Makedonski 12, 1000 Skopje, Republic of Macedonia

The ThermoNicolet ANTARIS FT-NIR (MDS) System is spectrophotometer who measures in NIR spectral region that extends from 12000-4000 cm^{-1} and is specifically designed for use in the industrial environment. This instrument is used for qualitative and quantitative analysis. Using this technique there is no need for sample preparation, time for analysis is very short, the costs are decreased and it offers possibility to sample through glass and transparent packaging materials.

Using The NIRS (Near Infrared Spectroscopy) method, the identification or qualification of the active substance Metamizole sodium (which is in composition of the pharmaceutical preparation Analgin tbl.), is based on comparison of the spectra of the examine substance with the spectra of the several examples of standards collected in a reference library of Metamizole sodium. The quality and identity of these standards collected in a reference library, are verified previously with the conventional reference methods and standards included in the specification. The spectra present in a reference library represent the normal variation in suppliers, physical parameters etc, i.e. these batches are sufficiently representative to cover the normal variation of the examine substance.

The Identification of Metamizole sodium is made using two different techniques based on diffuse reflectance:

- *Integrating Sphere, and*
- *Fiber Optic technique with The Sab IR probe.*

The results using above stated techniques are positive with a high per cent of similarity of the spectral data of Metamizole sodium with those from library.

Comparing these two techniques, it can also be concluded that the Fiber Optic technique with The Sab IR probe gives satisfactory results with similarity higher than 95 per cent. This technique has an advantage because of its flexibility characteristics, and it could be placed and used in warehouses for identification of every single package. The spectar is collected through transparent package material and therefore the package should not be opened.

The Integrating Sphere technique is easer for use, there is no need for cleaning the instrument, and spectral responses are more stable and repeatable. The Integrating Sphere technique has better reproducibility and it is recommended for laboratory analysis.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 223-224 (2007)
PP - 105

Идентификација на *Metamizole sodium* со NIRS (Near Infrared Spectroscops) метод

Н. Стојаноска, Б. Крстевска, В. Ајановска, З. Мироновски, Ј. Велевска, Х. Бабуновска

АЛКАЛОИД АД - Скопје, Фармацевтска Хемиска Козметичка Индустрија, Александар Македонски 12, 1000 Скопје, Р. Македонија

ThermoNicolet ANTARIS FT-NIR (MDS) System-от е спектрофотометар кој мери во блиската бранова област која се простира од 12000-4000 cm^{-1} и е специјално дизајниран за употреба во индустриска средина. Овој инструмент се употребува за квалитативна и квантитативна анализа. Користењето на овој метод не бара претходна подготовка на материјалот за анализа, времето потребно за анализата е многу кратко, трошоците се намалени и нуди можност за снимање на спектарот преку стаклена и провидна амбалажа.

Користејќи го NIRS (Near Infrared Spestroscopy) методот, идентификацијата или квалификацијата на активната компонента Metamizole sodium (која влегува во состав на фармацевтскиот препарат Аналгин тбл.) се базира на споредба на спектарот на испитуваната супстанца во однос на спектрите на повеќе примероци стандарди кои се снимени во соодветната стандардотека на Metamizole sodium. Квалитетот и идентитетот на стандардите кои се снимени во стандардотеката се потврдени претходно со други референтните методи и стандарди предвидени во спецификацијата. Спектрите кои ја сочинуваат стандардотеката ги опфаќаат варијациите на спектралните карактеристики во однос на добавувачот, физичките параметри и друго, т.е овие серии се доволно репрезентативни и ги опфаќаат нормалните варијации на испитуваната супстанца.

Направена е идентификација на Metamizole sodium со употреба на две различни техники кои се базираат на дифузна рефлексија и тоа:

Интеграциона Сфера, и

Fiber Optik техника со Sab IR сонда

Добиените резултати со употреба на двете споменати техники се позитивни со висок процент на сличност на спектралните карактеристики на Metamizole sodium со оние од стандардотеката.

Споредувајќи ги двете техники може исто така да се заклучи дека Fiber Optik техниката со Sab IR сонда дава задоволителни резултати со сличност поголема од 95%. Оваа техника има предност поради нејзините флексибилните карактеристики, може да се смести и да се употребува во магацинскиот простор за идентификација на секое поединечно пакување. Спектарот се снима преку провидната кеса која е примарна амбалажа на супстанцата и поради тоа пакувањето не мора да се отвори.

Urtica dioica е едногодишно растение, што припаѓа на фамилијата *Urticaceae*. Познато е во традиционалната терапија како диуретик, натриуретик и хипотензив. Исто така, различни делови од растението се употребувале во третман на хипертензија, стимулација на пролиферација на лимфоцити, имуностимулација на неутрофили, ефекти врз простата и антиреуматски ефекти.

Целта на трудот е да се испита можниот заштитен ефект на екстрактите од семе на *Urtica dioica* при пред-третман на стаорци во превенцијата на оксидативен стрес предизвикан од CCl_4.

Дози од 25 mg/kg на *Urtica dioica* екстракти се давани i.p. на тест групи од женски Wistar стаорци. Позитивната контрола е третирана само со CCl_4, а негативната контрола со физиолошки раствор. Одредувано е нивото на липидната пероксидација и активноста на ензимите од црниот дроб во серум. Вршени се и хистопатолошки испитувања.

Кај стаорците третирани со CCl_4 се зголемува обемот на липидна пероксидација и активноста на ензимите од црниот дроб, а истовремено се намалува нивото на антиоксидативните ензими (супероксид дисмутаза, каталаза, глутатион пероксидаза и нивото на глутатион). Пред-третманот на експерименталните животни со екстракти на *Urtica dioica* во тек на 7 дена ја намалува липидната пероксидација и нивото на ензимите, а го зголемува редуцираното ниво на антиоксидативните ензими. Хистопатолошките испитувања се во прилог на биохемиските анализи.

Во трудот се утврдува дека пред-третманот со *Urtica dioica* го намалува оксидативниот стрес предизвикан од CCl_4. Овие сознанија укажуваат дека *Urtica dioica* покажува заштитен ефект кон клетките на стаорец при оксидативен стрес. Идните испитувања се усмерени кон проучување на структурата, биохемијата како и споредбени студии со други антиоксиданси врз посложени животински модели за превенирање на оксидативниот

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 292-293 (2007)
PP - 142

Evaluation of the antioxidant and hepatoprotective effect of *Helychrisum plicatum* extracts

Tatjana Kadifkova Panovska[1], Svetlana Kulevanova[2], Icko Gjorgoski[3], Mirjana Bogdanova[4], Gordana Petrushevska[5]

[1]*Institute of Applied Biochemistry, Faculty of Pharmacy, University "Ss. Cyril and Methodius" Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*
[2]*Institute of Pharmacognosy, Faculty of Pharmacy, University "Ss. Cyril and Methodius" Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*
[3]*Institute of Biology, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, University "Ss. Cyril and Methodius" P.B. 126, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*
[4]*Institute of Clinical Biochemistry, Clinical Center, Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*
[5]*Institute of Pathology, Faculty of Medicine, University "Ss. Cyril and Methodius" Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*

Helichrysum plicatum DC (Asteraceae) has been extensively used in folk medicine for the management of gastric and hepatic disorders, usually in combination with other plants with similar effects. Phytochemical screening (HPLC) of the H. plicatum from Macedonia proved the presence of apigenin and naringenin as free aglycones and glycosides of apigenin, naringenin, quercetin and kaempferol in the flowers as well as quercetin and luteolin glycosides and free luteolin in stems and leaves. Its antioxidant and hepatoprotective properties have not been studied previously. Among phytochemicals, flavonoids deserve a special mention due to their free radical scavenging activities and in vivo biological activities that are being investigated by many researchers. The goal of research on antioxidative characteristics of plant extracts is to discover a potential replacement for synthetic antioxidants (BHT, BHA), which cause unwanted processes after prolonged used.

The evaluation of plant extracts antioxidant and hepatoprotective capacity is not easy task, as many methods can be used to determine this activity, and substrates, conditions, analytical methods, and concentrations can affect the estimated activity. This paper reports a study in which antioxidative and hepatoprotective activity of methanolic, ethyl acetate, and after hydrolysis H. plicatum extracts in in vitro and in vivo conditions are tested.

The antioxidative effect was followed by three in vitro methods: evaluation the free radical scavenging capacity (DPPH method), inhibition of hydroxyl radical production and protection of β-carotene-linoleic acid system. The hepatoprotective activity was investigated using rats with CCl_4-induced liver damage. Specific biochemical parameters (glutathione peroxidase, superoxide dismutase, reduced glutathione and total antioxidative status) were estimated in blood and in liver homogenate. Lipid peroxidation in CCl_4-intoxicated rats was evidenced by a marked increment in the levels of thiobarbituric acid reactive substances. Histopatological examinations of the liver were undertaken to monitor the status of the liver. Silymarin was used as a standard to compare the hepatoprotective activity of the extracts.

Investigate extracts showed radical scavenging activity with IC_{50} from 6 to 11 mg/ml. The extracts are capable to reacting with $OH^{\bullet}$ radical with inhibition of its production ranged between 33-58%. The high preventive activity against the bleaching of beta-carotene (15-49% of initial value after 120 minutes) was also observed. The antioxidative activity of the extracts in the experimental systems was compared with that of reference substances: luteolin, quercetin, BHA, BHT and sylimarin (the main agent of the well-known milk thistle - *Silybum marianum* L.). In in vivo studies, the biochemical parameters in groups treated with *Helichrysum plicatum* extracts at a dose of 25 mg kg^{-1}, have shown significantly different value than that of the CCl_4-treated group. The liver biopsy of all experimental rat groups treated with *Helichrysum plicatum* extracts showed significant restoration of normal histomorfological pattern of liver cells.

Results of this study suggest that *Helichrysum plicatum* represent a natural source with antioxidant and hepatoprotective potential.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 292-293 (2007)
PP - 142

Проценување на антиоксидативниот и хепатопротективниот ефект на екстрактите од *Helychrisum plicatum*

Татјана Кадифкова Пановска[1], Светлана Кулеванова[2], Ицко Гјоргоски[3], Мирјана Богданова[4], Гордана Петрушевска[5]

[1]Институт за Применета биохемија, Фармацевтски факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија
[2]Институт за Фармакогнозија, Фармацевтски факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија
[3]Институт за Биологија, Природно математички факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", П.Б. 126, 1000 Скопје, Р. Македонија
[4]Институт за Клиничка биохемија, Клинички центар, Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија
[5]Институт за Патологија, Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија

Helichrysum plicatum DC (Asteraceae) интензивно се користи во народната медицина при гастрични и хепатични заболувања, вообичаено во комбинација со други растенија со сличен ефект. Фитохемиската анализа (HPLC) на *H. plicatum* од Македонија укажува на присуство на апигенин и наринген како слободни агликони и гликозиди на апигенин, наринген, кверцетин и кемферол во цветовите како и кверцетин и лутеолин гликозиди и слободен лутеолин во стеблата и листовите. Неговите антиоксидативни и хепатопротективни карактеристики досега не се проучувани. Од фитохемиските супстанции, флавоноидите претставуваат посебен интерес за истражувачите, со оглед на нивната активност за фаќање на слободните радикали и *in vivo* биолошката активност. Истражувањата на антиоксидативните карактеристики на растителните екстракти се со цел да се открие соодветна замена за синтетските антиоксиданси (BHT, BHA), кои можат да предизвикаат несакани процеси после продолжена употреба.

Проценувањето на антиоксидативниот и хепатопротективниот капацитет на растителните екстракти е одговорна задача, со оглед на големиот број на методи што можат да се применат за определувањето на оваа активност, како и можното влијанието на различните супстрати, услови, аналитички методи и концентрации. Во овој труд испитувана е антиоксидативната и хепатопротективната активност на метанолните, етилацетатните екстракти како и на екстрактите после хидролиза на *H. plicatum* во *in vitro* и *in vivo* услови.

Антиоксидативниот ефект е следен со три *ин витро* методи: проценување на капацитетот за фаќање на слободните радикали (DPPH test), инхибиција на продукцијата на хидроксил радикал и заштита на β-каротен-линоленска киселина системот. Хепатопротективната активност е испитувана врз стаорци со CCl_4 индуцирано оштетување на црниот дроб. Специфичните биохемиски параметри (глутатион пероксидаза, супероксид дисмутаза, редуциран глутатион и тотален антиоксидативен статус) се одредувани во крв и хомогенат од црн дроб. Липидната пероксидација кај CCl_4 интоксицираните стаорци е определувана преку нивото на тиобарбитурна киселина реактивните супстанции. За следење на состојбата на црниот дроб, вршени се хистопатолошки испитувања. Силимаринот се употребува како стандард за споредба на хепатопротективната активност на екстрактите.

Испитуваните екстракти покажуваат активност за фаќање на слободните радикали со IC_{50} од 6 до 11 mg/ml. Екстрактите интерферираат со $OH^{\bullet}$ радикалот со инхибиција на неговата продукција помеѓу 33 и 58%. Исто така, покажуваат изразена превентивна активност кон обезбојувањето на β-каротенот (15 до 49% од почетната вредност, после 120 минути). Антиоксидативната активност на екстрактите во експерименталните системи е споредувана со активноста на референтните супстанции: лутеолин, кверцетин, BHA, BHT и силимарин (активниот принцип на млечен трн - *Silybum marianum* Л.). Во ин виво испитувањата, биохемиските параметри во групите третирани со екстракти на *Helichrysum plicatum* во доза од 25 mg kg^{-1} покажуваат сигнификантни разлики во однос на групите третирани со CCl_4. Биопсијата на црниот дроб кај сите експериментални групи на стаорци, третирани со екстракти на *Helichrysum plicatum* покажува сигнификантно враќање на нормалната хистопатолошка структура на клетките на црниот дроб.

Резултатите од ова испитување укажуваат дека *Helichrysum plicatum* претставува природен извор со антиоксидативен и хепатопротективен потенцијал.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 294-295 (2007)
PP - 143

Studies on the preventive effect of *Micromeria cristata* extracts on fatty liver development by carbon tetrachloride in rats

Tatjana Kadifkova Panovska[1], Svetlana Kulevanova[2], Icko Gjorgoski[3], Mirjana Bogdanova[4], Gordana Petrushevska[5]

[1]Institute of Applied Biochemistry, Faculty of Pharmacy, University "Ss. Cyril and Methodius" Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
[2]Institute of Pharmacognosy, Faculty of Pharmacy, University "Ss. Cyril and Methodius" Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
[3]Institute of Biology, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, University "Ss. Cyril and Methodius" P.B. 126, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
[4]Institute of Clinical Biochemistry, Clinical Center, Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
[5]Institute of Pathology, Faculty of Medicine, University "Ss. Cyril and Methodius" Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia

---

The liver is the key organ regulating homeostasis in the body. It is involved with almost all the biochemical pathways related to growth, fight against disease, nutrient supply, energy provision and reproduction. The liver is expected not only to perform physiological functions but also to protect against the hazard of harmful drugs and chemicals. In spite of tremendous scientific advancement in the field of hepatology in recent years, liver problems are on the rise. Jaundice and hepatitis are two major hepatic disorders that account for a high death rate. Presently only a few hepatoprotective drugs from natural sources are available for the treatment of liver disorders.

The purpose of this study was to evaluate the hepatoprotective effect of *Micromeria cristata* extracts (diethyl ether, ethyl acetate and n-butanol) *in vivo* using carbon tetrachloride (CCl_4) intoxicated rats as an experimental model. To assess the degree of liver damage we estimated some biochemical parameters in blood and in liver homogenates and performed histopatological liver examinations.

The activities of hepatic marker enzymes (GPx and SOD) and biochemical parameter TAS were assayed in blood and liver homogenate. Colorimetric estimation of reduced glutathione (GSH) in blood and in liver homogenate was performed. The quantitative measurement of lipid peroxidation was done by measuring the concentration of thiobarbituric acid reactive substances (TBARS) in liver homogenate. The amount of malondialdehide (MDA) formed was quantitated by reaction with thiobarbituric acid and used as an index of lipid peroxidation. The content of protein was determined according to the method of Bradford using bovine serum albumin as a standard. Liver pieces for histopatological examinations were preserved in 10% formaldehyde solution, embedded in paraffin wax, stained with hematoxylin and eosin and photographed.

The results indicate that after CCl4 administration there was a slight increase in blood GPx relatively to the control group. In the groups where sylimarin (reference substances) was given, the levels of GPx were significantly lower ($p<0.05$) than in CCl_4 -treated group. The levels of SOD and TAS were significantly ($p<0.05$) reduced after intoxication with CCl_4. Acute exposure to a single intraperitoneal dose of CCl_4 resulted in a severe depletion of GSH content in both blood and in liver homogenate. The depletion of GSH by CCl_4 was associated with an increase in lipid peroxidation as measured by the level of TBARS in liver homogenate. Preceding administration of *M. cristata* extract for 7 consecutive days afforded different degrees of protection against such depletion. The most significant protection effect was found at the level of GPx, SOD and TBARS. This protective effect of *M. cristata* extracts was confirmed by histological examination in which in the groups pretreated with *M. cristata* extracts the livers exhibited an almost normal architecture, with the presence of double nucleus hepatocytes, barring a little deformity of hepatocytes with pyknosis and clearing of cytoplasm.

The ability of *M. cristata* extracts to stimulate hepatic GPx and SOD can enhance the functioning of hepatic GSH antioxidant system, in which the concerted action of these enzymes can provide a sustainable GSH-dependent antioxidant mechanism, thereby protecting against CCl_4 hepatotoxicity.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 294-295 (2007)
PP - 143

Студии за превентивниот ефект на екстрактите од *Micromeria cristata* врз развојот на масен црн дроб кај CCl_4 третирани стаорци

Татјана Кадифкова Пановска[1], Светлана Кулеванова[2], Ицко Ѓоргоски[3], Мирјана Богданова[4], Гордана Петрушевска[5]

[1]Институт за Применета биохемија, Фармацевтски факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија
[2]Институт за Фармакогнозија, Фармацевтски факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија
[3]Институт за Биологија, Природно математички факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", П.Б. 126, 1000 Скопје, Р. Македонија
[4]Институт за Клиничка биохемија, Клинички центар, Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија
[5]Институт за Патологија, Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија

Црниот дроб е клучниот орган во регулирањето на хомеостазата на организмот. Во него се одвиваат сите биохемиски реакции поврзани со растење, одбрана од болести, обезбедување на хранливи материи и енергија и репродукција. Со оглед на неговата комплексност, се очекува не само да ги обезбедува физиолошките функции, туку и да делува заштитно во однос на штетни лекови и хемиски супстанции. Наспроти силниот напредок на полето на хепатологијата во последните години, проблемите со црниот дроб се во пораст. Жолтицата и хепатитисот се двете најчести заболувања на црниот дроб со голема стапка на смртност. Денес постојат само ограничен број на хепатопротективни лекови за третман на болести на црниот дроб.

Целта на овој труд е да се процени хепатопротективниот ефект на екстрактите од *Micromeria cristata* (диетил етерен, етил ацетатен и н-бутанолен) *in vivo* применувајќи CCl_4 интоксицирани стаорци како експериментален модел. За да се определи степенот на оштетување на црниот дроб, определувани се одредени биохемиски параметри во крв и хомогенат на црн дроб и направени се хистопатолшки испитувања.

Активноста на хепатичните маркер ензими (GPx и SOD) и биохемискиот параметар TAS е определувана во крв и хомогенат на црн дроб. Редуцираниот глутатион (GSH) колориметриски е определуван во крв и хомогенат на црн дроб. Квантитативното изразување на липидната пероксидација е мерено преку концентрацијата на тиобарбитурна киселина реактивните супстанции во хомогенат на црб дроб. Количината на формираниот малондиалдехид (MDA) е определувана во реакција со тиобарбитурната киселина и се употребува како индекс за липидната пероксидација. Количината на протеините е определувана според методата на Брадфорд со говедски серум албумин како стандард. Хистопатолошките испитувања се направени со претходна подготовка на црниот дроб во 10% формалдехид, вклопени во парафински восок, боени со хематоксилин и еозин и фотографирани.

Резултатите укажуваат дека после давање на CCl_4 се зголемува активноста на GPx во крвта во споредба со контролната група. Во групата третирана со силимарин, нивото на GPx е сигнификантно намалено ($p<0.05$) во однос на групата со CCl_4. Нивоата на SOD и TAS сигнификантно ($p<0.05$) се намалени после интоксикација со CCl_4. Акутната експозиција на еднократна интраперитонеална доза на CCl_4 предизвикува изразено опаѓање на нивото на GSH, како во крвта, така и во хомогенатот на црн дроб. Овој феномен е поврзан со зголемување на обемот на липидната пероксидација измерена како ниво на TBARS во хомогенатот на црниот дроб. Администрирањето на екстрактите од *M. cristata* во тек на 7 последователни денови обезбедува различни нивоа на заштита. Најголема заштита е постигната на ниво на GPx, SOD и TBARS. Протективниот ефект на екстрактите од *M. cristata* е потврден со хистопатолошките испитувања, во кои кај групите третирани со екстрактите е регистрирана скоро нормална архитектура на ткивото, со присуство на двојадрени хепатоцити.

Способноста на екстрактите од *M. cristata* да ги стимулираат хепатичните GPx и SOD, може да ја подобри функцијата на хепаталниот GSH антиоксидативен систем, во кој синхронизираното делување на овие ензими, обезбедува одржлив GSH-зависен антиоксидативен механизам, потребен за заштита од CCl_4 хепатотоксичноста.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 296-297 (2007)
PP - 144

Defining of the morphological - anatomical markers for identification of root and herb from *Eryngium campestre* L. (Apiaceae)

Flurim Nebija[1], Gjose Stefkov[2], Marija Karapandzova[2], Biljana Bauer Petrovska[2], Svetlana Kulevanova[2]

[1]Medical faculty, Section Pharmacy, University in Prishtina, Kosovo
[2]Faculty of Pharmacy, University of Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Republic of Macedonia

---

Genera Eryngium (Apiaceae) is consist from approximately 220 species, spread in Europe especially on the Mediterranean region. The most spread species is Eryngium campestre, in Macedonia known as „vetrogon“, „volsko trnje“, „bel trn“ or „sikavica“. From this plant root Eryngii radix and dry above soil part in stage of blooming Eryngii herba are used. Both drugs are used mostly in the folk medicine, for treatment of infections on the urinary tract, for regulation of the disturbed function of prostate, for treatment of disturbed functions of kidney and for increased urine secretion, throwing out of stones and sand from kidney and bladder, for healing of kidney colic's, scarcely pissing, water retaining and other conditions.

Drugs Eryngii radix and Eryngii herba are not so much investigated. In relation to the chemical content it is known that they comprehend saponin and flavonoid components, various coumarines, pirano coumarines, acetylenes (falkarinol, falkarinon), sugar alcohol etc. In relation to the biological and pharmacological activity, in the literature could be found data agreeable with the folk medicine, especially in the treatment of the infections and other diseases on the uro-genital tract. Contrary to this macroscopic and microscopic characteristics are scarcely investigated. The aim of this paper is to define the morphological - anatomical characteristics of both drugs which could be used in purpose of identification.

On the base of the obtained results from our investigations it could be concluded that the plant organs of Eryngium campestre showed significant xeromorphity, especially leafs which are separated in spiny jagged slices, covered with thick cuticle, with isolateral mesophill with palisade tissue on the upper and lower region of the leaf and much reduced spongy parenchyma. Characteristic arrangement of the mechanical collenchyma tissue, especially in leafs, in combination with isolateral structure and present calcium oxalate druses, and characteristic wrinkles in the leaf cuticle are pharmacodiagnostic markers for identification of drug on cross section. In the herb's powder the follow elements could be found: trachea fragments with specific ring wrinkles, parts from the epiderma with stomata, druses and knee-shaped mechanical hairs. In the root and the stem characteristic are secretory tubes and the presence of calcium oxalate druses in great quantity. Additionally in the root typical arrangement of tissues characteristic for the secondary root construction could be noticed, with: xylem rays in wood and in a bark, laticifers, periderma on the periphery, characteristic arrangement of the vascular bundles and great number of druses, especially in the wood. In the root powder: trachea fragments with spiral thickenings, fragments of periderm and cork, parts from parenchyma of the bark with druses could been put aside.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 296-297 (2007)
PP - 144

Дефинирање на морфолошко-анатомските маркери за идентификација на корен и херба од *Eryngium campestre* L. (Apiaceae)

Флурим Небија[1], Ѓоше Стефков[2], Марија Карапанџова[2],
Билјана Бауер Петровска[2], Светлана Кулеванова[2]

[1]Медицински факултет, Одсек Фармација, Универзитет во Приштина, Косово
[2]Фармацевтски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, Македонија

Родот *Eryngium* (Apiaceae) опфаќа околу 220 вида, распространети во Европа, особено во областа на Медитеранот. Најраспространет вид е *Eryngium campestre* во Македонија познат како ветрогон, волско трње, бел трн или сикавица. Од ова растение се користи коренот, *Eryngii radix* и сув надземен дел во фаза на цветање, *Eryngii herba*. Двете дроги се користат главно во народна медицина, за третман на инфекции на уринарниот тракт, за регулирање на нарушена функција на простатата, за третман на нарушена функција на бубрезите и за зголемно лачење на урината, за исфрлање на камен и песок од бубрезите и од мочниот меур, при бубрежни колики, тешко уринирање, задршка на вода и други состојби.

Дрогите *Eryngii radix* и *Eryngii herba* се малку проучени. Во поглед на хемискиот состав, познато е дека содржат сапонински и флавоноидни компоненти, различни кумарини, пиранокумарини, ацетилени (фалкаринол, фалкаринон), шеќерни алкохоли и друго. Во поглед на биолошката и фармаколошката активност, во литературата можат да се најдат податоци што се во согласност со употребата во народната медицина, особено во третманот на инфекциите и другите заболувања во урогениталниот тракт. Спротивно на ова, макроскопските и микроскопските карактеристики на коренот и хербата се малку проучени. Целта на овој труд е дефинирање на морфолошко-анатомските карактеристики на двете дроги што би можеле да се користат во фармакодијагностичките цели.

Врз база на добиените резултати од направените испитувања заклучено е дека растителните органи на *Eryngium campestre* покажуваат изразита ксероморфност на растението, особено кај листовите каде тие се поделени во бодликаво-запчести резни, покриени со дебела кутикула, со мезофил кој има изолатерална градба со палисадно ткиво на горната и долната страна на листот и со многу редуциран сунѓерест паренхим. Карактеристичен распоред на механичко колемхинско ткиво, особено во листовите, во комбинација со изолатералната градба и присутните друзи од калциум оксалат, како и карактеристичните набори на кутикулата се фармакодијагностички маркери за идентификација на дрогата во напречен пресек. Во прашокот од хербата се издвојуваат фрагменти од трахеите со специфични прстенести набори, делови од епидермисот со стомите, друзи и коленести механички влакна со специфична форма како дијагностички елементи битни за идентификацијата. Утврдено е дека кај коренот и кај стеблото се карактеристични секреторните канали и присуството на големи количини на друзи од калциум оксалат. Кај коренот се забележува типичен распоред на ткива што е карактеристичен за секундарна градба на корен, со срцевински зраци во дрвото и во кората, млечни цевки, перидермис на периферија, карактеристичен распоред на спроводни снопчиња и голем број друзи, особено во дрвото. Во прашокот од коренот се издвојуваат фрагменти од трахеи со спирални задебелувања, фрагменти од перидермисот и од плутата, делови од паренхимот на кората со друзи и поединечни друзи, како дијагностички елементи битни за идентификацијата.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 298-299 (2007)
PP - 145

HPLC metod for identification and determination of flavonoids in *Eryngii herba* (*Eryngium campestre* L., Apiaceae)

Flurim Nebija[1], Gjose Stefkov[2], Marija Karapandzova[2], Marina Stefova[3], Svetlana Kulevanova[2]

[1]*Medical faculty, Section Pharmacy, University in Prishtina, Kosovo*
[2]*Faculty of Pharmacy, University of Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Republic of Macedonia*
[3]*Faculty of Science, University of Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Republic of Macedonia*

Eryngium campestre L. (Apiaceae) is perennial plant, spread in Europe especially on the Mediterranean region. From this plant roots and dry above soil parts in stage of blooming are used in the folk medicine for treatment of infections on the urinary tract, for regulation of the disturbed function of prostate, for treatment of disturbed functions of kidney and for increased urine secretion, throwing out of stones and sand from kidney and bladder, for healing of kidney colic's, scarcely pissing, water retaining and other conditions. Huge usage of *Eryngii herba* in folk medicine as well as obtained results from investigation of biological and pharmacological activity of different species of *Eryngium*, made the representatives of this genus interesting for investigation of the chemical composition and definition the substances responsible for particular activity. In the frame of phenolic compounds the most investigated are flavonoids. The literature data showed that *Eringium planum* contain kaempferol and its glycosides, *E. ilicifolim* contain daltoin, while *E. maritimum* contain glycosides of kaempferol, isoquercetin and astragalin and *E. creticum* daltoin and quercetin. The data about flavonoids in *E. campestre* are very few in number and they point out the presence of glycosides of quercetin, kaempefrol, isorhamnetin and luteolin. The aim of this work is establishing HPLC method for identification and determination of flavonoids in *Eryngii herba* collected in Kosovo.

The identification of the flavonoids in the extracts from *Eryngii herba* was made by HPLC method, using reverse phase column (C18). Experimental conditions were in the accordance to expected flavonoids in the extracts. Kaempferol was found as the most abundant flavonol, followed by smaller amounts of quercetin.

For quantification purposes of identified flavonols modification of previously established HPLC method was done. Few approaches were defined: quantification of separated flavonols or quantification of total flavonols measured as quercetin or as kaempferol.

The obtained results of quantification of kaempferol and quercetin in the investigated extracts of *Eryngium campestre* have showed that kaempferol is the dominated flavonol in this plant, found in amounts 0.029-0.103%, while quercetin was found only in the range 0.001-0.039%. The content of total flavonols expresed as kaempferol was 0.039-0.135%. It was concluded that the total content of flavonoids in the extracts which contain much more kaempferol against quercetin, measuring them as kaempferol is much more recommended, instead of expression them as quercetin, which is commonly present in the practice.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 298-299 (2007)
PP - 145

Воведување на HPLC метод за идентификација и определување на флавоноиди во *Eryngii herba* (*Eryngium campestre* L., Apiaceae)

Флурим Небија[1], Ѓоше Стефков[2], Марија Карапанџова[2], Марина Стефова[3], Светлана Кулеванова[2]

[1]*Медицински факултет, Одсек фармација, Универзитет во Приштина, Косово*
[2]*Фармацевтски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, Македонија*
[3]*Природно-математички факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, Македонија*

Eryngium campestre L. (Apiaceae) е повеќегодишно растение, распространето во Европа, особено во областа на Медитеранот. Од растението се користат хербата и коренот, главно во народна медицина за третман на инфекции на уринарниот тракт, за регулирање на нарушена функција на простатата, за третман на нарушена функција на бубрезите и за зголемно лачење на урината, за исфрлање на камен и песок од бубрезите и од мочниот меур, при бубрежни колики, тешко уринирање, задршка на вода и други состојби. Големата примена во народната медицина како и определените резултати од испитувањата на биолошката и фармаколошката активност на видовите од родот *Eryngium*, ги прават преставниците од овој род особено интересни за проучување на хемискиот состав и утврдувањето на потенцијално активните компоненти, одговорни за определни ефекти. Во однос на фенолните соединенија, флавоноидните компоненти се подетално проучувани. Податоците покажуваат дека видот *E. planum* содржи кемферол и негови хетерозиди, видот *E. ilicifolium* делтоин, *E. maritinum* хетерозиди на кемферол, изокверцетин и астрагалин, а *E. creticum* делтоин и кверцетин. Податоците за флавоноидните компоненти во видот *E. campestre* се доста оскудни и се однесуваат на утврдено присуство на хетерозиди на кемферол, изорамнетин, лутеолин и кверцетин. Целта на овој труд е воспоставување на методи за идентификација и определување на флавоноиди во *Eryngii herba* (Eryngium campestre L.), по потекло од Косово.

Идентификација на флавоноидните компоненти во екстракти од *Eryngii herba* е направена со HPLC метод со реверзно фазна стационарна фаза (C18). Експерименталните услови се поставени во согласност со очекувањето на флавонолни агликони во анализираниот екстракт. При тоа е утврдено присуство на кемферол како доминантна флавоноидна компонента во сите испитувани екстракти, а во помала мера присуство на кверцетин.

За квантитативно определување на идентификуваните флавоноли извршена е модификација на предходно воспоставениот и валидиран метод за определување на кверцетин во растителни екстракти добиени со вклучена хидролиза на хетерозидните форми. Во квантитативната анализа беа разгледани неколку можни пристапи: определување на содржината на секој од флавонолите, посебно, определување на содржина на вкупни флавоноли пресметани како кверцетин или определување на вкупни флавоноли пресметани како кемферол.

Резултатите од определувањето на кемферол и кверцетин во екстрактите од *Eryngium campestre* покажуваат дека доминантен флавонол е кемферолот чиј масен удел се движи од 0,029-0,103 %, додека кверцетинот е застапен од 0,001-0,019 %. Содржината на вкупните флавоноли пресметани како кемферол се движи од 0,039-0,135 %. Заклучено е дека во растителни екстракти во кои како флавонол доминира кемферол наспрам кверцетин, изразувањето на вкупни флавоноли треба да биде на молекулска маса на кемферол, а не на кверцетин што е вообичаена пракса.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 300-301 (2007)
PP - 146

Localization and variability of flavon aglycons in *Teucrium polium* from different localities of the Republic of Macedonia

Gjoshe Stefkov[1], Marina Stefova[2], Svetlana Kulevanova[1]

[1]*Faculty of Pharmacy, Vodnjanska 17, Skopje, Macedonia*
[2]*Faculty of Natural Science and Mathematics, Alexandar the Great bb, Skopje, Macedon*ia

For localization of flavon aglycons in the plant, HPLC analysis were done on 3 different, successive extracts obtained with rinsing of the whole plant (extract 1), followed by etheric extraction (extract 2) and ethyl acetate extraction after hydrolysis of the same plant material (extract 3). The examined plant materials were collected from 6 different localities with divergent ecological characteristics and vertical distribution from 0 m above sea level up to 1200 m a.s.l. Luteolin, apigenin, cirsiliol, cirsimaritin and cirsilineol were identified as superficial flavon aglycons. Luteolin, apigenin, cirsiliol, cirsimaritin, cirsilineol and diosmetin were identified as free tissue-localized flavonoids and total tissue flavon aglycons. Cirsiliol is quantitatively dominant among the free and superficially localized flavonoids, while luteolin and apigenin are dominant among the tissue-localized flavonoids, both, as free aglycons as well as in glycozid form. There is no qualitative difference, nor significant quantitative alterations in the flavonoid content among the examined plants collected from different localities, which eliminate the ecological conditions as factor for variability of flavonoid content in this plant.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 300-301 (2007)
PP - 146

Локализација и варијабилност на флавонските агликони во *Teucrium polium* од различни региони на Република Македонија

Ѓоше Стефков[1], Марина Стефова[2], Светлана Кулеванова[1]

[1]Фармацевтски факултет, ул.Водњанска 17, Скопје, Македонија
[2]Природоматематички факултет, бул.Александар Македонски бб., Скопје, Македонија

За утврдување на локализацијата на флавонските агликони во растението, направена е HPLC анализа на 3 различни, сукцесивно добиени, екстракти и тоа со површинско плакнење на цело растение (екстракт 1), проследено со етерска екстракција (екстракт 2) и етилацетатна екстракција по хидролиза на истиот материјал (екстракт 3). Испитуваните растителни примероци се од 6 различни локалитети со дивергентни еколошки карактеристики и височинска дистрибуција од 0 м.н.в. до 1200 м.н.в. Идентификувани се: лутеолин, апигенин, цирсилиол, цирсимаритин, цирсилинеол како површински слободни флавонски агликони. Како слободни ткивни флавоноиди и вкупни ткивни флавонски агликони се идентификувани лутеолин, апигенин, цирсилиол, цирсимаритин, цирсилинеол и диосметин. Цирсилиол е квантитавно доминанитен меѓу слободните и површински локализираните флавоноиди а лутеолинот и апигенинот помеѓу ткивните флавоноиди, и како слободни агликони и во гликозидна форма. Нема квалитативна разлика, ниту значајни квантитативни разлики во флавоноидниот состав помеѓу испитуваните примероци собрани од различни локалитети што ги исклучува еколошките услови како фактор на варијабилност на флавоноидниот состав кај ова растение.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 302-303 (2007)
PP - 147

Histomorphological assessment of the toxicity to liver, myocardial and renal tissue of the *Teucrium polium* extracts in the treatment of diabetic rats

Gjoshe Stefkov[1], Gordana Petrusevska[2], Svetlana Kulevanova[1]

[1]Faculty of Pharmacy, Vodnjanska 17, Skopje, Macedonia
[2]Faculty of Medicine, Vodnjanska 17, Skopje, Macedonia

After ten days of intragastral treatment of streptozotocin-diabetic rats with Teucrium polium extracts, we have made histomorphological analysis and evaluate the toxicity to the liver, myocardial and renal tissue. Histological specimens, gained from the two groups of streptozotocin-diabetic rats treated with Teucrium polium (T1 and T2) were compared with the tissue sections of the control group of health rats (K), group of streptozotocin-diabetic rats treated with oral antidiabetic glibenclamide (GLC) and group of streptozotocin-diabetic untreated rats (D).

Analysis of the liver sections in the groups T1, T2 and GLC, showed regular portal spaces and liver lobule, reduction to normalization of the thickness of the blood vessels media, comparing with untreated diabetic rats.

Significant finding was found in the myocardial sections, where we revealed significant decrease of the vascular wall thickness in the T1, T2 and GLC groups comparing to the findings in the myocardial sections of the untreated diabetic animals D.

The renal tissue of the untreated diabetic animals showed alteration of the normal histoanatomical structures (glycogen accumulation, presence of protein droplets in the tubular epithelial cells, thickened media of the blood vessels in the renal interstitium, diabetic artheriolopathy). In T1 and T2 groups was found regular structure of the glomeruli, conserved brush border and significant decrease of the arterial media thickness, comparing to the findings in the untreated diabetic animals.

According to these findings, histomorphological analysis of the liver, myocardial and renal sections from the treated experimental animals with the extracts with Teucrium polium, did not show significant alterations of the regular morphology. There were no degenerative changes and signs of toxic effect on the structure of the analyzed tissues, improvements comparing to the diabetic untreated rats can be observed.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 302-303 (2007)
PP - 147

Хистоморфолошка проценка на токсичноста врз црниот дроб, срцето и бубрезите на екстракти од *Teucrium polium* при третман на дијабетични стаорци

Ѓоше Стефков[1], Гордана Петрушевска[2], Светлана Кулеванова[1]

[1]Фармацевтски факултет, Ул. Водњанска 17, Скопје, Македонија
[2]Медицински факултет, Ул. Водњанска 17, Скопје, Македонија

По десетдневен интрагастрален третман на стрептозотоцин-дијабетични стаорци со екстракти од *Teucrium polium* извршена е хистоморфолошка анализа и проценка на нивната токсичност врз црниот дроб, срцето и бубрезите. Проценката е извршена врз основа на споредување на ткивни исечоците добиени од двете групи стрептозотоцин-дијабетични стаорци третирани со екстракт од *Teucrium polium* (Т1 и Т2) споредени со ткивните исечоци од групата на здрави стаорци (К), стрептозотоцин-дијабетични нетретирани стаорци (Д) и стрептозотоцин-дијабетични стаорци третирани со орален антидијабетик глибенкламид (GLC).

При анализа на црнодробни исечоци, кај групите Т1, Т2 и GLC, портните простори и црнодробните лобулуси се со регуларна градба, има редукција, кон нормализација на дебелината на ѕидот (медија) на крвните садови во однос на нетретираните дијабетични стаорци.

Анализата на срцеви исечоци кај нетретираните дијабетични стаорци укажува на задебелување на медијата на ѕидот на крвните садови додека кај групите Т1, Т2 и GLC има забележително намалување и подобрување на оваа патолошка промена.

Бубрежното ткиво на нетретираните дијабетични стаорци покажаа отстапувања од нормалната градба на хистоанатомските структури (гликогена акумулација, протеинурија, задебелена медија на садови во интерстициумот, дијабетична артериолопатија). Кај Т1 и Т2 групите се воочува регуларна градба на гломерулите, зачувана четкаста граница и значајно намалување на медијата на артериските крвни садови, споредено со оние од нетретираните дијабетични животни.

Според ова, хистоморфолошкиот стаорци преглед на исечоци од црн дроб, срце и бубрези на групите експериментални, третирани со екстракти од *Teucrium polium* не укажува на позначителни отстапувања од регуларната морфологија, не се забележуваат дегенерациски промени и знаци на токсичен ефект врз структурата на испитуваните органи а можат да се забележат подобрувања во однос на дијабетичните нетретирани стаорци.

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 304-305 (2007)
PP - 148

In vitro investigation of the insulinotropic effect of several flavonoids in INS-1E insulinoma cells

Gjoshe Stefkov[1], Anna Jager[2], Per Molgaard[2], Knud Josefsen[3], Svetlana Kulevanova[1]

[1]Faculty of Pharmacy, Vodnjanska 17, Skopje, Macedonia
[2]Faculty of Pharmaceutical Sciences, Jagtvej 162, 2200 Copenhagen, Denmark
[3]Bartholin Institute, Panum, 2200 Copenhagen, Denmark

The insulinotropic effect of pure flavon and flavanon, some flavonoid glycosides (apigenin-7-glycoside, luteolin-7-glycoside and rutin) and some flavonoid aglycones (kaempferol and quercetin), all in the concentration of 500 mg/mL, was studied. The insulinotropic effect was studied in clonal INS-1E insulinoma cells, isolated from radiation-induced rat insulinoma. Glucose-induced insulin secretion was dose-related and similar to rat islet response. The target flavonoids were added in INS-1E cells cultured in medium both with 3 mmol/L glucose (basal condition) and in medium with 20 mmol/L glucose (high glucose condition) .The results of the insulin secretion, measured with ELISA, have revealed significant increase of the quantities of secreted insulin in the stimulated INS-1E cells with flavonoids (figure 1)

Figure 1. quantities of secreted insulin in INS-1E cells stimulated with certain flavonoids.



It is obvious that the most potent, in the concentration of 500 mg/mL, are the pure flavon and flavanon (330 %-380 % increase of insulin secretion), but there is different figure, with quite equal bars, if we calculate the insulin secretion in INS-1E cells towards molar concentrations of the same flavonoids. In the both cases we can conclude that the examined flavonoids pose positive insulinotropic effect.

Acknowledgment: *All the research were done at the Faculty of Pharmaceutical Sciences and Bartholin Institute, Panum, Copenhagen, Denmark as a part of the TEMPUS project for reconstruction of the pharmaceutical education in Macedonia.*

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 304-305 (2007)
PP - 148

In vitro испитување на инсулинотропниот ефект на определени флавоноиди кај INS-1E клетки

Ѓоше Стефков[1], Кнул Јозефсен[3], Ана Јагер[2], Пјер Молгард[2], Светлана Кулеванова[1]

[1]Фармацевтски факултет, ул. Водњанска 17, Скопје, Македонија
[2]Факултет за фармацевтски науки, ул. Јагтвеј 162,2200 Копенхаген, Данска
[3]Бертолин институт, Панум, 2200 Копенхаген, Данска

Извршено е истражување на инсулинотропниот ефект на определени флавоноиди. Испитувано е дејството на чист флавон и флавонон, флавоноидни гликозиди (апигенин-7-гликозид, лутеоин-7-гликозид, рутин) некои флавоноидни агликони (кемферол, кверцетин). Работено е со концентрација од 500 μg/ml. Во овие истражувања се користени моноклонални INS-1E клетки, хомогена клеточна линија, изолирани од родителските INS-1, инсулиномски клетки (предизвикани со радиација) добиени од стаорец. Кај овој модел глукоза-индуцираната секреција на инсулин е дозно-зависна и слична на онаа од изолирани панкреатични островца од стаорец.

Испитувањето е изведено врз INS-1E клетки кои се наоѓаат во медиум со 3 mmol/L глукоза (нормална физиолошка состојба) како и во медиум со висока концентрација на глукоза (20 mmol/L) глукоза (модел за β-клетки во хипергликемична состојба). Извршеното мерење на количините на излачен инсулин со елиса метод покажува

Резултатите од извршеното мерење на количините на излачен инсулин со елиса метод покажува значајно покачување на количеството излачен инсулин кај стимулираните INS-1E клетки (слика 1).

Слика 1. Количество излачен инсулин од INS-1E клетки во медиум со 20 mmol/L глукоза при стимулација со испитуваните флавоноиди (500 μg/ml)



Од испитуваните флавоноиди, во концентрација од 500 μg/ml кај INS-1E клетки во медиум со 20 mmol/L глукоза, најголема потенција (330-380 %) покажаа чиститиот фалвон и флаванон. При проценка на количеството излачен инсулин во зависност од моларните концентрации на флавоноидите може да се заклучи дека сите испитувани флавоноиди даваат позитивен инсулинотропен ефект.

Благодарност: *Сите истражувања беа направени за време на студискиот престој на Факултетот за фармацевтски науки и Панум институтот во Копенхаген, Данска, во склоп на ТЕМПУС проектот за реконструкција на фармацевтската едукација во Македонија.*

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 306-307 (2007)
PP - 149

In vitro investigation of the insulinotropic effect of the *Teucrium polium* extracts in INS-1E insulinoma cells

Gjoshe Stefkov[1], Anna Jager[2], Per Molgaard[2], Knud Josefsen[3], Svetlana Kulevanova[1]

[1]Faculty of Pharmacy, Vodnjanska 17, Skopje, Macedonia
[2]Faculty of Pharmaceutical Sciences, Jagtvej 162, 2200 Copenhagen, Denmark
[3]Bartholin Institute, Panum, 2200 Copenhagen, Denmark

The insulinotropic effect of different concentrations of Teucrium polium extract and its fractions were studied. The insulinotropic effect was studied in clonal INS-1E insulinoma cells, isolated from radiation-induced rat insulinoma. Glucose-induced insulin secretion was dose-related and similar to rat islet response. The extract and its fractions were added in INS-1E cells cultured in medium both with 3 mmol/L glucose (basal condition) and in medium with 20 mmol/L glucose (high glucose condition). The results of the insulin secretion, measured with ELISA, have revealed significant increase of the quantities of secreted insulin in the stimulated INS-1E cells with flavonoids. There were no significant changes in the insulin secretion in the INS-1E cells cultured in 3 mmol/L glucose medium. There is a dose-effect related secretion in the concentration interval between 5-500 mg/mL of the extract and slight down alteration at concentration of 1000 mg/mL. Most potent of the tested fractions, in the concentration of 500 mg/mL, was the water fraction after liqid/liqid extraction with ethyl acetate of the hydrolyzed extract (acid hydrolysis). This fraction increased the insulin secretion in the INS-1E cells in 20 mmol/L glucose medium up to 350 %, although the ethyl acetate fraction have shown smaller but also significant effect. These results show that examined extract and its fraction have pose positive insulinotropic effect.

Acknowledgment: *All the research were done at the Faculty of Pharmaceutical Sciences and Bartholin Institute, Panum, Copenhagen, Denmark as a part of the TEMPUS project for reconstruction of the pharmaceutical education in Macedonia.*

Macedonian pharmaceutical bulletin 53 (1,2) 306-307 (2007)
PP - 149

In vitro испитување на инсулинотропниот ефект на екстракт од *Teucrium polium* кај INS-1E клетки

Ѓоше Стефков[1], Кнул Јозефсен[3], Ана Јагер[2], Пјер Молгард[2], Светлана Кулеванова[1]

[1]Фармацевтски факултет, ул.Водњанска 17, Скопје, Македонија
[2]Факултет за фармацевтски науки, ул. Јагтвеј 162, 2200 Копенхаген, Данска
[3]Бертолин институт, Панум, 2200 Копенхаген, Данска

Испитуван е инсулинотропниот ефект на различни концентрации на екстракт од *Teucrium polium* од Македонија, као и на неколку негови фракции. Во овие истражувања се користени моноклонални INS-1E клетки, хомогена клеточна линија, изолирани од родителските INS-1, инсулиномски клетки (предизвикани со радиација) добиени од стаорец. Кај овој модел глукоза-индуцираната секреција на инсулин е дозно-зависна и слична на онаа од изолирани панкреатични островца од стаорец.

